# Алатка за доусовршување на практиките за едукација на наставниците за инклузивно образование



An inclusive school is a school where:
every child is welcome every parent is involved
every teacher is valued

Регионална поддршка за инклузивно образование

Funded
by the European Union
and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented
by the Council of Europe

# Алатка за доусовршување на практиките за едукација на наставниците за инклузивно образование

Автор/ Развој на алатката: Џудит Холенвегер
Тим стручњаци: Џудит Холенвегер, Наташа Пантиќ, Лани Флоријан

European Union Council of Europe

**Експерти на Советот на Европа**
Џудит Холенвегер
Наташа Пантиќ
Лани Флоријан

**Објавено**
октомври 2015 година

**Печати**
"Соник Студио"

**Графички дизајн**
"Студио Лисица"

**Copyright © 2015**
Совет на Европа

**Европска унија**
Генерален директорат за соседска
политика и преговори за проширување
Rue de la Loi 15
B-1000 Brussels
**www.europa.eu**

**Совет на Европа**
Avenue de l'Europe
F-67075 Strasbourg Cedex
**www.coe.int**

# Содржина


| | |
|---|---|
| ПРЕДГОВОР | 5 |
| ДЕЛ 1: ЗАДНИНА, ВОВЕД И ПРЕГЛЕД | 7 |
| 1. Која е заднината на оваа алатка? | 8 |
| 2. Зошто е изработена оваа алатка? | 9 |
| 3. Кој ја користи оваа алатка? | 11 |
| 4. Каде може да се користи оваа алатка? | 12 |
| 5. Како се користи оваа алатка? | 13 |
| 6. Што има оваа алатка? | 14 |
| ДЕЛ 2: НАДГРАДБА НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЕДУКАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ | 17 |
| 1. Вовед и преглед | 18 |
| 2. Идентификација на проблеми: Фокус на професионалните работници за инклузивно образование | 24 |
| 3. Процена на потребите: Фокус на практиките за инклузивно образование | 32 |
| 4. Цели и компоненти: Визуализација на нова практика за едукација на наставниците | 39 |
| 5. Стратегии и методи: Изградба на нова практика за едукација на наставниците | 44 |
| 6. Имплементација, процена и повратни информации: Реализација на новата практика за едукација на наставниците | 47 |
| ДЕЛ 3: РАМКА ЗА ИНКЛУЗИВНИТЕ ПРАКТИКИ | 50 |
| 1. Фокус на практиката | 51 |
| 2. Инклузивни практики што се однесуваат на професионализмот | 55 |
| 3. Инклузивна практика поврзана со учениците | 58 |
| 4. Инклузивни практики што се однесуваат на наставниот план | 62 |
| 5. Инклузивни практики поврзани со контекстот | 65 |
| 6. Речник на поими и референции | 68 |

# Предговор

Заедничкиот проект на Европската унија и на Советот на Европа "Регионална поддршка за инклузивно образование" во Југоисточна Европа е тригодишен проект (1 јануари 2013 - 30 ноември 2015 година) што се спроведува во Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија, "Поранешна Југословенска Република Македонија" и Косово*. Проектот ги поттикнува социјалната инклузија и социјалната кохезија во регионот (во согласност со заложбите на корисниците за пристапување во ЕУ и со стандардите на Советот на Европа) со промовирање на инклузивното образование и обука.

Заедничкиот проект го промовира концептот на инклузивно образование како реформски принцип што го почитува и го негува диверзитетот меѓу сите ученици, со посебен фокус на оние што се со повисок ризик од маргинализација и исклученост.

За да се подобри разбирањето на придобивките на инклузивното образование, на почетокот на заедничкиот проект беше почнат отворен, транспарентен и конкурентен процес за избирање пилот-училишта. Аплицираа вкупно 392 училишта и беа избрани 49 пилот-училишта (7 по корисник: 3 основни училишта, 2 општи средни училишта и 2 стручни средни училишта), со различни нивоа на инклузивни образовни практики за да учествуваат во проектот. Потоа на овие училишта им беа дадени мали грантови за проектирање и за спроведување проект поврзан со инклузивното образование во рамките на нивното училиште и заедница. Кон крајот на проектот беа поканети дополнителни 35 училишта да се вклучат во мрежата и да ја исползуваат обуката за планирање на развојот на училиштето.

Со цел да се поттикне меѓусебно учење, професионален развој и размена на искуства меѓу пилот-училиштата, проектот воспостави регионална инклузивна мрежа на училишта (Inclusive SchoolNetwork) со 245 члена (наставници, директори на училишта, родители, ученици и претставници на локалната заедница) и инклузивна мрежа на наставници (Inclusive TeacherNetwork) во која членуваат 245 наставници од пилот-училиштата. Исто така, беше создадена мрежа на инклузивни политики (Inclusive Policy Network) како сеопфатна платформа што ги обедини претставниците на инклузивната мрежа на училишта и на инклузивната мрежа на наставници, како и другите релевантни заинтересирани страни, да дејствуваат заеднички во областа на јавната политика за инклузивното образование.

Првиот чекор во развојот на методите и на алатките за професионален развој на наставниците беше студијата за мапирање изработена со цел да се анализираат активностите за обука на наставниците за инклузивно образование во Југоисточна Европа. Процесот, предводен од тимот експерти, се фокусираше на примерок од 39 програми и вклучуваше 42 заинтересирани страни од регионот.

* "Ова име не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност и на мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата за независност на Косово"

Според наодите, во регионот постои разновидност на модули за обука на наставници за инклузивно образование, но процесот на професионален развој на наставниците (обука пред вработување, во текот на работниот однос и менторство) е фрагментиран и на него се гледа како на три различни активности. Студијата идентификува потреба за вкрстена соработка меѓу разновидните учесници во областа на инклузијата: универзитетите, министерствата, училиштата и другите даватели на образование на наставници. Прелиминарните наоди беа споделени, за нив темелно се дискутираше и тие беа потврдени од членовите на регионалните мрежи што ја нагласија потребата за севкупна рамка за обука на наставниците за инклузија. Покрај тоа, членовите на мрежата сугерираа дека наместо модули и програми треба да се продуцираат алатки што ќе помогнат да се надградат и да се иновираат постојните програми за обука на наставниците за инклузија.

Како чекор напред беше формирана 14-члена работна група, предводена од авторката Џудит Холенвегер од Универзитетот во Цирих и со претставници од трите мрежи од сите седум корисници. Работната група ги потврди концептот и планот на алатката за надградба на програмите за обука на наставници. Работата на развојот на алатката беше спроведена во соработка со тим меѓународни експерти и со Универзитетот во Единбург, кој беше домаќин на работилницата за членовите на работната група.

Исто така, би сакале да го потврдиме придонесот на образованието на наставници од Универзитетот во Цирих во поддршката на авторката Џудит Холенвегер и поттикнувањето синергија со тековните активности на УНИЦЕФ во доменот на образованието на наставници, како и да им изразиме благодарност на Сабине Роман од Педагошкиот институт од Рајнланд-Палатинат и на Лана Јурко од Мрежата на центри за образовни политики од Загреб за нивното експертско мислење и ревизија на нацрт-алатката.

Цврсто веруваме дека оваа алатка ќе придонесе кон зајакнување на компетенциите на наставниците во инклузивното образование како клучен фактор за промовирање на учеството и учење на сите студенти, особено оние што се со највисок ризик од маргинализација и исклучување. Таквиот пристап е во согласност со севкупните цели на Советот на Европа, вклучувајќи негување квалитетно образование за сите и изградба на инклузивни општества.

Сара Китинг

Шеф на единицата за регионална и билатерална соработка во Југоисточна Европа и во Турција
Оддел за образование – Генерален директорат за демократија
Совет на Европа

# Дел 1:

## Заднина, вовед и преглед

# Заднина, вовед и преглед

## 1. Која е заднината на оваа алатка?

### КОНТЕКСТ НА ПОЛИТИКИТЕ

Оваа алатка за доусовршување на активностите за едукација на наставниците е развиена како дел од меѓународните напори за поддршка на реализацијата на инклузивното образование. Инклузивното образование овде се подразбира како квалитетно образование посветено на правата на образование на секое дете и младинец. Сите меѓународни фактори гледаат на инклузивното образование како на клучна стратегија за постигнување квалитетно образование за сите и како гарантирање на правото на образование, особено на ранливите и на обесправените групи. Препораката CM/Rec (2012)/13 на Комитетот на министрите на државите-членки го дефинира квалитетното образование и го нагласува значењето на вклучување на сите ученици и студенти. Една од четирите стратегиски цели на Рамката за образование и обука на Европската унија 2020 е унапредување на еднаквоста, социјалната кохезија и активното граѓанство низ висококвалитетно инклузивно образование.

Квалитетното образование се потпира на квалификувани наставници што му се посветени на постојаниот професионален развој. Различноста и инклузијата наметнуваат предизвици во едукацијата на наставниците, прашање што веќе го разгледуваше Советот на Европа пред неколку години, што резултираше со развој на клучните компетенции за различноста (Совет на Европа, 2009). Неодамна Европската фондација за обука спроведе длабински анализи на развојот на наставниците за инклузивно образование на Западен Балкан, давајќи препораки за сите заинтересирани страни, вклучувајќи ги и едукаторите на наставниците (Европска фондација за обука, 2010). Една публикација на Европската унија со слична анализа (Европска унија, 2013) ја нагласува потребата за развој на едукацијата на наставниците во партнерство со училиштата и со други партнери. Европската агенција за специјални потреби и инклузивно образование спроведе тригодишен проект (2009-2012) и разви профил на инклузивни наставници (Европска агенција, 2012).

Инструментите на човековите права развиени од Обединетите нации (на пример, Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата за правата на лица со инвалидност) и од Советот на Европа (на пример, ревидираната Европска социјална повелба) не го нагласуваат само правото на образование туку и правата на децата и на младите во образованието. Освен тоа, токму низ образованието младите луѓе се во можност да ги преземат своите граѓански и демократски права во општеството. Инклузивното образование и образованието за демократско граѓанство, како и образованието за човековите права бараат наставници што се подготвени и способни активно да ги вклучат своите ученици во дизајнирањето на сопственото образование, во донесувањето одлуки, како и да ги земат предвид своите интереси и таленти. Денешните наставници не се доволно подготвени да овозможат или да поттикнат активно учество. Јасно е дека се потребни поголеми напори за да може сите наставници да бидат подготвени за инклузивна практика.

### КОНТЕКСТ НА ПРОЕКТОТ

Цел на заедничкиот проект на Европската унија и на Советот на Европа "Регионална поддршка за инклузивно образование" во Југоисточна Европа е да ги зајакне социјалната инклузија и социјалната кохезија во регионот со унапредување на инклузивното образование и обука. Една од мрежите на проектот (TeacherNet) им беше посветена на разговорите за начините за подобрување на компетенциите и на практиките на наставниците за инклузивно образование. Членовите на TeacherNet се сретнаа неколкупати за да ги споделат своите искуства и за да разговараат за начините за зголемување на способноста на наставниците да го практикуваат инклузивното образование. Беа анализирани и разгледувани постојните активности за едукација на наставниците во унапредувањето на инклузивното образование. TeacherNet ја разви визијата за инклузивен наставник и ја анализираше улогата на почетната едукација на наставникот, континуираниот професионален развој и едукацијата на наставници-ментори. Мрежата ги идентификуваше и ги споделуваше примерите на добри практики од регионот. Исто така, ги идентификуваше критичните ставови, мислења, вештини и компетенции што треба да ги развијат инклузивните наставници. Оваа алатка ги вградува исходите од овие размислувања и, правејќи го тоа, го поддржува трансферот на знаења меѓу училиштата и едукацијата на наставниците.

### РАЗВОЕН ПРОЦЕС

Развојот на оваа алатка вклучи наставници и други стручњаци, како регионални, така и меѓународни. Како прв чекор беа анализирани постојните активности за едукација на наставниците за инклузивно образование и за нив се разговараше со учесниците во проектот. Во регионот постојат голем број активности што се насочени кон наставниците и кон други заинтересирани страни, со цел тие да станат инклузивни практичари, но, генерално, ставот беше дека тие би можеле да имаат корист од алатка што ќе ги насочува активностите за надградба и за подобрување на постојните активности за едукација на наставниците за инклузивно образование.

За нацрт-верзијата на алатката детално се расправаше во текот на работилницата во Единбург во мај 2015 година. Подоцна алатката беше ревидирана и развиена со вклучување коментари и прашања искажани во текот на работилницата. Подоцнежниот процес на ревизија вклучи претставници од Европската фондација за обука, Советот на Европа, Европската агенција за специјални потреби и инклузивно образование, како и од Регионалната канцеларија на УНИЦЕФ за Централна и за Источна Европа и Заедницата на независни држави.

Изработката на алатката беше координирана со изработка на три модули за инклузивно образование, "Обучете ги инструкторите", од УНИЦЕФ. Овие модули се базираат на истото сфаќање на инклузивното образование и на пристапот заснован врз човековите права и користат иста терминологија и концепти. Меѓу одговорните страни во Советот на Европа и во УНИЦЕФ беше договорено нивните производи да бидат усогласени за да можат заедно да се користат на терен. Модулите што ги изработи УНИЦЕФ илустрираат содржини и методи, додека оваа алатка дава насоки за надградба на постојните или за дизајнирање нови активности за едукација на наставниците.

## 2. Зошто е изработена оваа алатка?

### ЈАКНЕЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛИЗМОТ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Главна цел за изработка на оваа алатка е јакнењето на професионализмот на наставниците. Професионализмот на наставниците е клучен фактор за унапредување на учеството и на учењето на сите ученици и тој има поголеми ефекти врз остварувањата на учениците од другите училишни фактори (Хати, 2009). Висок квалитет и инклузивно образование не може да се остварат без добро квалификувани, мотивирани и силни наставници. Јакнењето на наставниците и обезбедувањето сите наставници да бидат вреднувани претставуваат значајна цел на заедничкиот проект "Регионална поддршка за инклузивно образование" на Европската унија и Советот на Европа. За да се постигнат промените што се потребни за реализација на инклузивното образование, наставниците мора да станат рефлективни практичари и вршители на промени. Тие треба да бидат способни да истапат од својата изолација и да преземат активна улога во своите училишта. Оваа алатка може да им даде поддршка на инструкторите на наставниците, на наставниците и на училиштата во процесот на промена и да поттикне дијалог за професионализмот на наставниците и нивниот доживотен развој низ целата нивна професионална кариера.

## СВРТУВАЊЕ НА ВНИМАНИЕТО КОН ПРАКТИКИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА

Многу меѓународни стандарди, рамки или насоки даваат информации за инклузивното образование и ги истакнуваат неопходните промени. Во државите во развој и во развиените држави е достапно големо знаење засновано врз теоретската и врз практичната работа. Различни организации разработиле искази за компетенциите, уверувањата и ставовите на наставниците за инклузивното образование. Денешен предизвик не претставува недостигот од знаење или стандарди, туку нивна примена во практиката во различни контексти и култури. Досега им се посветуваше големо внимание на тоа што треба да знаат наставниците, во што треба да веруваат и кои ставови го поткрепуваат инклузивното образование. Но накрај, тоа што прави разлика за нивните ученици и студенти не е тоа што тие го знаат или во што веруваат, туку тоа што го прават или не го прават секој ден во училница.

Инклузивните наставници се компетентни практичари и активностите за едукација на наставниците ќе бидат ефективни ако имаат влијание врз практиката на наставниците. Јазот меѓу теоријата и практиката претставува главно прашање во едукацијата на наставниците. За да помогне да се пополни оваа празнина, оваа алатка ги нагласува практиките на наставниците што треба да бидат развиени. Наставниците не треба само да знаат што треба да прават туку и кога, каде, како и зошто треба да го прават тоа. Во одредена ситуација наставниците треба да бидат способни да активираат конкретен сет компетенции, уверувања и вештини за да постигнат резултати што придонесуваат кон реализацијата на инклузивното образование. Развиени се нови практики во однос на учениците, наставните програми, соработката со другите и развојот на сопствениот професионализам на наставниците. Активностите за едукација на наставниците треба да придонесат кон развојот на овие четири главни практики на инклузивните наставници.

## ОЛЕСНУВАЊЕ НА ДИЈАЛОГОТ МЕЃУ УЧИЛИШТАТА И ЕДУКАЦИЈАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ

Активностите за едукација на наставниците треба да ги поддржат напорите на училиштата за реализација на инклузивното образование. Со поместувањето кон инклузивното образование училиштата стануваат позаинтересирани и поактивни во професионалниот развој на наставниците и на другиот персонал. Ваквите активности на едукација на наставниците се вградени во долгорочните развојни процеси на училиштето и на нив се гледа како на една компонента од вкупниот процес за изградба на капацитетите. Носителите на едукацијата на наставниците се навикнати да работат независно од непосредните практични потреби на училиштата. Факултетите и педагошките институти што се вклучени во почетната едукација на наставниците, генерално, ги изработуваат своите наставни програми врз основа на доказите од истражувањата и барањата на политиките. Невладините организации ќе ги следат нивната агенда и мандатот при дизајнирањето работилници за инклузивно образование. Оваа алатка претставува рамка за развој на инклузивни практики што настојуваат да го олеснат дијалогот меѓу носителите на едукацијата на наставниците и училиштата.

## НАГЛАСУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ЗА ИЗГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИ ВО ОБРАЗОВНИТЕ СИСТЕМИ

Прогресивната реализација на инклузивното образование бара изградба на капацитети на сите што се вклучени во образованието или имаат одговорности за образованието. Некои способности можат да се развијат со извлекување на наставниците надвор од нивниот работен контекст и нивната индивидуална обука. Но во минатото ова не се покажа како најефикасен метод за подобрување на практиката и за создавање поинклузивни училишта. Работење заедно со колеги или развивање практики како училиште претставува поветувачки и поодржлив пристап за создавање инклузивно училиште. Тогаш изградбата на капацитети е фокусирана на групите и на нивните практики наместо на поединечни наставници и на нивните компетенции.

Едукацијата на наставниците е само дел од процесот на изградба на капацитети што се неопходни за реализација на инклузивното образование, при што важна улога имаат и другите заинтересирани страни, организациите на граѓанското општество, свеста и ставовите во општеството. Ова се одразува во поддршката што ја добиваат училиштата од локалните власти и од партнерството меѓу наставниците и родителите. Според тоа, изградбата на капацитети не се однесува само на професионалниот развој на поединци и на групи; таа се однесува и на капацитетите на образовниот систем, на министерствата и на локалните власти, како и на различните носители на едукацијата на наставниците. Тие мора да развијат свои практики за да создадат соодветен работен контекст, средина што нуди можности, корисно знаење и алатки што ќе може да ги користат училиштата.

# 3. Кој ја користи оваа алатка?

### ПОЕДИНЦИ ШТО СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ЕДУКАЦИЈАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИНКЛУЗИЈА

Оваа алатка може да ја користат сите лица што се вклучени во едукацијата на наставниците во смисла на надградба или усогласување на активностите на едукацијата со инклузивните практики во училиштата. Рамката за инклузивните практики може да се користи за да се идентификуваат празнини, како и да се утврди тоа што е опфатено со постојните програми или модули. Алатката може да се користи за лична рефлексија или за добивање повратни информации од учесниците или од другите заинтересирани страни. Исто така, таа може да биде корисна за воспоставување партнерски односи со училиштата, со цел заеднички развој на активностите за едукација на наставниците.

### ОРГАНИЗАЦИИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЕДУКАЦИЈАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИНКЛУЗИЈА

Генерално, за обезбедување активност за едукација на наставниците се одговорни организации, а не поединци. Ако група луѓе биде вклучена во ревидирање на своите практики, може да биде потребен поформализиран процес. Ако властите бараат однапред дефиниран процес (на пример, за акредитација), вклучените страни ќе треба да се договорат како да настапат. Оваа алатка го дефинира процесот за решавање проблеми и дава рамка за инклузивните практики. Таа ја дава структурата и помага да се организираат неопходните процеси на промена. Кога се во прашање неколку организации што се активни во обезбедувањето едукација на наставниците за инклузивно образование, ваквата општа алатка може да помогне да се координираат различните активности, со цел да се постигнат компатибилност и комплементарност.

### ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ШТО СЕ ОДГОВОРНИ ИЛИ ЈА УНАПРЕДУВААТ ЕДУКАЦИЈАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИНКЛУЗИЈА

Реализацијата на инклузивниот образовен систем е задолжителна за сите држави што се потписнички на соодветни меѓународни конвенции и повелби. Едукацијата на наставниците е важно ниво за вкупните промени на училишниот систем. Грижата за компетенциите на наставниците и за квалитетот на наставата се одразува во практиките за акредитација, унапредување на наставниците или преку плановите за напредок во кариерата. Многу држави имаат систем на акредитација не само за почетна едукација на наставниците туку и за активности за дошколување на наставниците во текот на службата. Државите ги користат овие активности како систем за квалификување на наставниците и од наставниците се бара да учествуваат во овие активности за да се квалификуваат за унапредување, односно напредок во кариерата. Во некои случаи овие практики сè уште не се во согласност со филозофијата на инклузивното образование. Државите што се движат кон инклузивното образование може да сакаат да ја користат оваа алатка за да ги усогласат своите практики за акредитација или да извршат оценување и да им дадат повратни информации на носителите на едукацијата и на училиштата вклучени во професионалниот развој.

### УЧИЛИШТА ВКЛУЧЕНИ ВО ЕДУКАЦИЈАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИНКЛУЗИЈА

Сè повеќе училишта ја преземаат обврската за професионален развој на својот персонал – наместо да им ја делегираат на носителите на едукацијата на наставниците. Едукацијата на наставниците се смета за важна компонента на вкупната стратегија за изградба на капацитетите во училиштата. Инклузивните училишта се свесни за потребата од континуиран професионален развој. Тие активно се ангажираат во активностите за едукација на наставниците, често по пат на кооперативно учење или партнерство со организации што се способни да ја дадат неопходната експертиза. Овие училишта се наоѓаат во улога на организатори на активности за едукација на наставниците за да им дадат поддршка на развојните процеси на училиштата. Тие можат да ја користат оваа алатка кога се дискутира и кога се донесуваат одлуки за подрачја или за практики во кои треба да се ангажираат во изградбата на капацитети. Рамката за инклузивните практики може да помогне во откривањето на предностите и на слабостите во сегашните практики. Училиштата што се ангажираат во такви дискусии ќе бидат во можност да ги координираат и да ги синхронизираат активностите за едукација на наставниците со развојот на инклузивните практики во училиштето.

### СИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ЕДУКАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Алатката дава рамка за инклузивните практики што може да ги користи секој што е заинтересиран за добра практика во инклузивните училишта, дури иако не планира да се вклучи во активностите за едукација на наставниците. Всушност, алатката може да биде интересна за сите што се грижат за професионализмот на наставниците во инклузивното образование.

## 4. Каде може да се користи оваа алатка?

### ШИРОКА ПРИМЕНА ВО РАЗЛИЧНИ СРЕДИНИ

Во суштина, оваа алатка може да се користи за сите активности за едукација на наставниците, независно од тоа кој ја спроведува и каде или кога таа се спроведува. Инклузивното образование не е ништо повеќе или помалку од висококвалитетно образование за сите деца и младинци што бара од наставниците континуирано да ги развиваат своите практики низ целиот професионален работен век. Користењето на истата рамка за инклузивните практики им дава можност на носителите на почетната едукација на наставниците или на нивното доусовршување во текот на службата да ги координираат и да ги дополнат заемните активности. Исто така, алатката може да се користи за развој на целосна програма за професионален развој на наставниците во разни средини и да им овозможи на носителите на едукација да обезбедат доследност и кохерентност.

### ПОЧЕТНА ЕДУКАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ ИЛИ ЕДУКАЦИЈА ПРЕД СТАПУВАЊЕ ВО СЛУЖБА

Почетната едукација на наставниците или едукацијата пред стапување во служба се фокусира на развојот на суштинскиот идентитет на наставникот како инклузивен практичар и на основните способности што се однесуваат на вреднувањето на различностите на учениците, поддршката за сите ученици и на работата со другите. Студентите за наставници треба да бидат способни да работат во инклузивни средини и од нив се очекува да учествуваат, но сè уште не и да ги насочуваат или да ги предводат неопходните процеси на промени. Тие треба да бидат способни да ја спроведат инклузивната наставна програма во училиштето, но не и да ја изработат. Алатката може да помогне да се разјасни кои способности треба да се развијат пред добивањето лиценца за наставник. Училиштата можат да ја користат алатката за развивање критериуми за квалификување на наставниците-почетници заедно со институциите што обезбедуваат почетна едукација за наставниците. Ако училиштата се вклучени во практичната едукација на студентите за наставници, оваа алатка може да се користи за координација меѓу теоретската и практичната работа.

### ЕДУКАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ТЕКОТ НА СЛУЖБАТА И ПОСТОЈАН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Во текот на фазата за воведување нови наставници оваа алатка може да биде корисна за да се анализираат способностите што веќе се стекнати во текот на почетната едукација на наставникот и непосредните потреби за учење на наставниците на почетокот на нивната професионална кариера. Наставниците-ментори или инструктори може да ја користат алатката за рефлексија, да дадат насоки и да ги контекстуализираат своите активности во поширок контекст на инклузивното образование. Како што наставниците напредуваат во својата кариера, така рамката за инклузивни практики може да обезбеди преглед на нивните достигнувања и потреби за учење. Ова ќе помогне тие да се вклучат во активностите за едукација на наставниците што ефикасно ги промовираат инклузивните практики и ги прошируваат знаењето и искуството на еден содржаен начин. Искусните наставници не треба да бидат способни само да ги вреднуваат различностите на учениците туку и да развиваат училишни практики што ги зголемуваат почитувањето и разбирањето на различностите. Тие мора да стекнат активна улога во развојот на инклузивните практики. Училиштата може да ја користат оваа алатка за да ги идентификуваат своите потреби за развој и за изградба на капацитети, правејќи едукацијата на наставниците да биде прашање на тимска работа, а не прашање на поединечни наставници. Покрај развојот на компетенциите, тимовите мора да станат вршители на инклузивното образование и да развиваат иновативни практики. Оваа алатка може да им помогне на училиштата да ги идентификуваат своите потреби за развој и за изградба на капацитети.

### ЕДУКАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ-ЕКСПЕРТИ, НАСТАВНИЦИТЕ-МЕНТОРИ И НАСТАВНИЦИТЕ-ЕДУКАТОРИ

Инклузивните училишта со добро развиени практики и професионални работници што се високо компетентни како вршители на промени за инклузивни практики може да сакаат да се вклучат во обезбедувањето активности за едукација на наставниците за други училишта или поединци за да помогнат во изградбата на капацитетите во нивниот поширок образовен контекст. Училишните тимови или индивидуалните професионални работници што се способни да развиваат инклузивни практики имаат потенцијал да воведат новини во практиката преку развој на нови педагошки стратегии, алатки за процена или трансформација на заедниците за да креираат нова инклузивна средина. Со други зборови, нивната практика сега цели кон капацитетот на други професионални работници, други училишта и друг образовен систем, а не само кон нивниот капацитет и капацитетот на нивните ученици. Традиционално, развојот на новите стратегии е задача на институтите за развој на образованието поврзани со министерствата. Во некои држави, меѓународните и невладините организации се активни во промовирањето на иновациите со кои училиштата стануваат поинклузивни. Трансформацијата на едукацијата на наставниците е исклучива одговорност на носителите, како што се универзитетите, педагошките факултети или други организации. Во тој контекст алатката може да помогне да се идентификуваат активностите за едукација на наставниците со кои се настојува да се трансформираат или да се воведат новини во практиката на наставниците и да им се помогне да ги координираат или да ги дополнат активностите.

### МРЕЖИ И ПАРТНЕРСТВА ЗА ИЗГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИ

Трансформацијата на практиките на ниво на целиот систем во насока на реализација на инклузивното образование бара партнерства и мрежи со заинтересираните страни надвор од непосредното училишно опкружување. Инклузивното образование треба да ги прошири своите практики во заедницата и во средината од која доаѓаат и во која живеат неговите ученици. Тоа бара тесна соработка и активно ангажирање на различни професионални работници и партнери надвор од училиштата, односно неопходната изградба на капацитети не може да биде одговорност само на еден носител или вршител. Организациите на родители, локалните власти, организациите на лица со инвалидитет и други интересни групи играат важна улога во изградбата на капацитети на заедниците за да станат поинклузивни. Одржливите инклузивни практики во училиштата не може да бидат изолирани од другите општествени практики. Алатката и рамката за развој на инклузивните практики може да се користат за разговор за практиките и за вклучување во процесите на промена заедно со тие партнери. Таа може да помогне да се развие заеднички јазик на ниво на организациите и да се создадат мрежи и партнерства за изградба на капацитети.

## 5. Како се користи оваа алатка?

### АЛАТКА ЗА САМОРЕФЛЕКСИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ И НА ЕДУКАТОРИТЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Оваа алатка е корисна за кој било носител на едукацијата на наставниците што сака да ги анализира своите практики, со цел нивно подобрување или усогласување со принципите на инклузивното образование. Алатката помага да се структурираат овие напори утврдувајќи ги различните чекори што овозможуваат сеопфатен преглед на она што наставниците треба да бидат способни да го направат како дел од инклузивните практики и начините на кои активностите за едукација на наставниците можат да помогнат да се развијат овие способности. Едукаторите на наставниците можат да ја користат оваа алатка за да ги ревидираат своите практики и да ги доусовршат постојните програми, работилници или модули за да бидат поусогласени со инклузивното образование. Ако различни носители следат иста процедура, тие ќе бидат во можност да ги претставаат своите размислувања во сличен формат што ќе ја олесни комуникацијата меѓу различните носители, со цел да го споделат тоа што го прават, дури и да ги координираат или да ги дополнуваат своите активности. Наставниците можат да ја користат оваа алатка за да разберат подобро каде се наоѓаат во својот професионален развој и со кои способности треба да се здобијат за да напредуваат, со цел да станат инклузивни практичари.

### АЛАТКА ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА УЧЕЊЕ

Училиштата сѐ повеќе се заинтересирани за професионалниот развој на својот персонал како дел од процесот за реализација на инклузивното образование. Оваа алатка може да им помогне на директорите на училиштата да се здобијат со подобро разбирање на потребите на наставниците за учење и на тоа како тие се однесуваат во врска со потребата за развој на инклузивни практики и за примена на оваа алатка. Другите заинтересирани страни, исто така, можат да бидат заинтересирани да се здобијат со подобро разбирање на импликациите што ги има инклузивното образование врз ставовите, вредностите, вештините, компетенциите и дејноста на наставниците. Оваа алатка може да биде корисна во стимулирањето на дискусијата за тековните активности за едукација на наставниците и за способностите на наставниците да придонесат кон инклузивното образование во училиштата.

### АЛАТКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЕДУКАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ

Во многу држави во тек е расправата за потребата од промени во практиките за подготовка на наставниците за работа во училница. Оваа алатка може да помогне во овие дискусии обезбедувајќи рамка и методологија за оценување на активностите за едукација на наставниците. Се смета дека едукацијата на наставниците треба поефикасно да придонесува кон наставната практика отколку да ги подучува теоретските основи што се релевантни за наставата. Фокусирајќи се на наставната практика и на практиките во инклузивните училишта, оваа алатка може да помогне во овие дискусии и во развојот на консензусот меѓу релевантните заинтересирани страни. Носителите на едукацијата на наставниците може да ја користат оваа алатка за самооценување на своите активности во областа на инклузивното образование. Ова може да биде прв чекор во ревидирањето на нивните активности или може да биде дел од истражувањето на компетенциите на наставниците и на нивниот развој.

### АЛАТКА ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ

Некои држави покажаа интерес за ревидирање на својот севкупен пристап кон едукацијата на наставниците за инклузивно образование. Многу држави сѐ уште имаат посебни програми за наставниците што работат со деца со пречки во развојот. Ова се смета за значајна пречка кон инклузивното образование бидејќи редовните и специјалните наставници се образоваат независно едни од други. Користење иста алатка и комуницирање во врска со наставните практики за инклузија може да помогнат подобро да се координираат или дури да се поврзат активностите за едукација и на едните и на другите наставници.

## 6. Што има оваа алатка?

### ПРОЦЕДУРА И РАМКА

Алатката за доусовршување на активностите за едукација на наставниците за инклузивно образование има два дела. Првиот дел ја опишува процедурата за надградба како низа активности во кои може да се вклучат корисниците на оваа алатка. Таа ги води корисниците низ циклус за решавање проблеми што се состои од шест фази: Идентификација на проблемот, Процена на потребите, Општи и посебни цели, Образовни стратегии, Имплементација, Оцена и повратни информации. Вториот дел ја опишува рамката за инклузивните практики. Врз основа на работата на Европската агенција на профилот на инклузивни наставници (2012) беше изработена рамка што ги опишува практиките на инклузивните наставници. Оваа рамка идентификува четири основни практики што се релевантни за инклузивното образование.

### ПОИМИ

Алатката се заснова врз поими што се релевантни за инклузивното образование, а кои се појавија на меѓународната сцена во последните неколку години. Клучните поими се објаснети во речникот заради полесен преглед. Терминот “способности” се користи како општ термин за ставови, убедувања, вештини и знаења, компетенции и дејства. Овој термин истакнува што може да направат наставниците и другите професионални работници, вклучувајќи ја, на пример, и способноста да се мотивираат самите или да ги насочат своите активности кон остварување на визијата за инклузивно

образование. Освен тоа, алатката обединува поими што се развиени за да се објасни изградбата на капацитети на ниво на системи и опкружувања. Таа користи знаење поврзано со развојот на заедниците на експерти (Lavé & Wenger 1991), со експанзивното учење во организациите (Engeström 2001) и со организациите што учат (Senge 1990, Senge et al. 2012). Исто така, алатката ги зема предвид тешкотиите што се појавуваат кога знаењето се пренесува од едно опкружување (на пример, семинар на универзитет или педагошки факултет) во друго (училница во локалното училиште). Вештините (на пример, одржување дисциплина во училницата) или компетенциите (поддршка на учењето) не мора да бидат исти кога им се предава на ученици од дванаесет години и кога се работи со искусни наставници. Учењето е поврзано со состојби во кои се одвива учењето и практичарите треба да бидат способни да ги анализираат новите состојби и да го применат тоа што го научиле. Поимот на рефлексивен практичар (Argyris & Schön 1996) и важноста на наставниците како вршители на општествени промени (Fullan 1993, Priestley et al. 2012).

## ПРАКТИКА

Јазот меѓу теоријата и практиката, како и меѓу едукацијата на наставниците и реалноста во училиштата постојано се идентификува во дискусиите што се водат за професионалниот развој на наставниците. Не е доволно само да се предава за филозофијата на инклузивното образование или да се зборува за важноста на инклузивното образование. Исто така, не е доволно да се подучува теоријата на инклузивните практики, како што се индивидуалното планирање на едукацијата или стратегиите за диференцирање на наставата и запознавање со стратегиите за формативо оценување. Трансферот на знаењето е успешен само ако во секојдневната практика на наставниците се вградат нови компетенции, вештини и знаења, нови сфаќања и гледишта. Сè што ќе научат наставниците треба да се поврзе на начини што на крајот го поддржуваат процесот на инклузија. Она што ја прави разликата во реалните училишни состојби не е тоа што го знаат наставниците или во што веруваат, туку што тие прават или се способни да прават во својот реален работен контекст. Според тоа, оваа алатка се фокусира на практиките на наставниците и ја нагласува важноста на нивните дејства. Рамката за инклузивни практики ги зема компетенциите идентификувани во профилот на инклузивни наставници (Европска агенција, 2012) и ги проширува во практики. Сфаќањата, ставовите, вештините и знаењето, како и компетенциите, мора да бидат насочени кон јасни цели и пожелни исходи. Тие мора да ги земат предвид општествениот и физичкиот контекст во кој се користат. Специфичните состојби бараат активирање на специфични групи сфаќања, ставови, вештини и знаења и компетенции, како и примена на соодветни методи и процеси. Според тоа, алатката се фокусира на развојот на инклузивни практики, а не на изолирани способности.

## АКТИВНОСТИ

"Практика" е општ термин за сите релевантни активности и дејства што се извршуваат во исполнувањето на професионалниот мандат и обврски на едно лице. Токму низ активностите станува видлива способноста на наставникот да има влијание врз учениците, колегите, родителите, како и врз другите професионални работници или членови на заедницата. Активноста на наставникот може да цели кон поддршка на момче од социјално обесправено семејство за да му се овозможи пристап кон наставниот план, кон креирање позитивна средина за учење за сите ученици или кон разјаснување на стратегиите за тимско подучување со колега. Сите овие активности се поврзуваат на начин што ја поддржува реализацијата на инклузивното образование. Воведен е модел (видете ја рамката) за анализирање на практиките и на активностите, со утврдување на компонентите што одговараат на следниве прашања: Кој ја спроведува активноста? Кон што е насочена активноста? Зошто или за каква цел се спроведува активноста? Како се спроведува активноста? Каде се спроведува активноста?

Тоа се однесува и на активностите за едукација на наставниците. Сè што работат носителите на едукацијата на наставниците, исто така, треба да придонесува кон реализацијата на инклузивното образование. Надградбата на постојните или изработката на нови модули, програми или работилници за развој на способностите на наставниците што се релевантни за инклузивното образование вклучува низа активности. Треба да се идентификуваат недостатоците или тешкотиите со постојните програми; потребна е процена на потребите за да се развие длабинско разбирање на тоа што треба да го знаат наставниците што работат во инклузивното опкружување, и така натаму. Оваа алатка го опишува процесот на ажурирање како низа активности што може да ги извршат носителите на едукацијата на

наставниците и другите заинтересирани страни. Истиот модел за опис на активностите се користи за активности на наставниците во училиштата и за активности за едукација на наставниците. Основна претпоставка е дека со фокусирањето на практиката може подобро да се пополни празнината меѓу она што се предава во опкружувањето во кое се врши едукацијата на наставниците и практиката на наставниците во училиштата.

## Дел 2:

Надградба на активностите за едукација на наставниците

# Надградба на активностите за едукација на наставниците

## 1. Вовед и преглед

### ОРГАНИЗАЦИЈА НА АЛАТКАТА

Алатката за доусовршување на активностите за едукација на наставниците е организирана како низа активности. Основна претпоставка е дека подобрувањето на постојните модули, програми, работилници или проекти најдобро се извршува со укажување на она што може да се направи во процесот. Во овој дел од алатката корисникот ќе најде низа активности што водат низ различни чекори за да се да усовршат постојните активности за едукација на наставниците или да се креираат нови. Дури и на искусните изработувачи на наставни планови описот на активностите дава ориентација во процесот на надградба и ја олеснува рефлексијата. Ова е особено корисно ако процесот на надградба вклучува различни луѓе од различни средини што треба да ги синхронизираат своите активности. Јасниот опис на активностите и редоследот по кој тие се извршуваат поттикнува дискусија меѓу заинтересираните страни. На тој начин се зголемува транспарентноста на процесот на надградба и со тоа се создаваат можности луѓето да се вклучат и да дадат свој придонес. Ова е особено важно во контекст на инклузивното образование.

Алатката во следниот дел вклучува и рамка за инклузивните практики. Оваа рамка ги организира активностите на инклузивните наставници во четири области на практика. Таа содржи елементи на добра практика што инклузивните наставници треба да ги стекнат во текот на својата кариера. Рамката обезбедува информации за тоа што треба да го научат наставниците за да станат инклузивни практичари додека поминуваат низ почетната обука за да станат наставници, кога ќе станат поискусни и, конечно, кога ќе почнат да ги учат другите наставници за инклузивните практики. Ова се информации од кои ќе избира корисникот на оваа алатка за да размислува за содржините што недостигаат, релевантните способности на наставниците што треба да се развијат или за практиките што треба да се имплементираат.

### ФОКУС НА ПРАКТИКАТА

Конечно, едукацијата на наставниците за инклузивно образование бара да се трансформираат практиките во училиштата за да се промовира инклузија, а не ексклузија. Важно е оваа цел да не се изгуби од вид. На инклузивните училишта им требаат практичари што се способни да промовираат инклузија, а не само да зборуваат или да пишуваат за тоа. Активностите за едукација на наставниците треба да придонесат кон инклузивните практики, директно со работа со професионални работници во училиштата или индиректно преку изградба на капацитети на студенти за наставници што студираат на универзитетите или на педагошките факултети. Способностите на наставниците стануваат видливи и ефикасни само низ нивните дејства и активности во реалниот живот. Ефектот на сите овие активности земени заедно го прави училиштето инклузивно или не. Според тоа, оваа алатка повеќе се фокусира на практиката отколку на теоријата, на она што инклузивните практичари треба да бидат способни да го направат, а не само што треба да знаат или не. Позитивните ставови и уверувања, неопходните вештини, знаење и компетенции се важни и треба да се развиваат. Меѓутоа, дури и поважно е како тие

завршуваат во практика. Според тоа, алатката се фокусира на практики: практиката на надградба на активности за едукација на наставниците и практиката на инклузивни училишта што се настојува да се подобрат со овие активности.

За да се фокусира на практиката, алатката воведува модел за анализа и ги опишува активностите. Таа не ги дефинира релевантните карактеристики или квалитети на наставниците, туку се фокусира на тоа како треба да се поврзат овие способности во секојдневната практика на наставниците. Алатката ја зема перспективата на дејностите на наставниците или на другите професионални работници. Од оваа гледна точка, во рамката е опишана добрата практика. На пример, кога тие ѝ предаваат на разновидна група деца: Што забележуваат, што им го привлекува вниманието, какви гледишта, ставови или намери се активирани? Кои стратегии ги применуваат и каква атмосфера се создава во училницата? Практиката се дефинира според тоа што го работат наставниците, како го работат тоа, какви се нивните намери додека го работат тоа и дали сѐ ова се вклопува во контекстот во кој тие работат. На пример, забележување и оценување на разликите меѓу учениците претставува важна компетенција на инклузивните наставници. Но ако прифаќањето на разликите се поврзува со слаби очекувања, способноста за оценување, фактички, води до дискриминаторски наставни практики.

## МОДЕЛ НА АКТИВНОСТ

Моделот на активност помага да се мисли не само на она што го работат или што би требало да го работат инклузивните практичари туку и на она што тие имаат намера или очекуваат да го постигнат низ своите дејства и активности. Наставникот, како вршител, поврзува сет убедувања, ставови, вештини, знаење и компетенции секогаш кога е активен во училницата или во други состојби поврзани со училиштето. Да се биде инклузивен практичар не значи (само) висок резултат на финалниот испит или знаење на точниот одговор кога се поставува прашањето на инклузивното образование. Дали наставниците се ефикасни во поддршката на учениците и како вршители на општествени промени кон инклузивно образование треба да се процени според нивните активности. Прашањето се однесува еднакво на способностите на наставниците и на нивното активирање во вистински момент.

Во оваа алатка моделот на активност се користи за две цели. Прво, за да ги опише активностите што се вклучени во процесот на ажурирање и, второ, да ги опише вкупните активности вклучени во инклузивните практики во училиштата. Моделот помага да се нагласат главните компоненти на некоја активност. Компонентите што се користат во моделот на активност одговараат на следниве прашања:

- *Кој го прави тоа (субјект на активноста)?*
- *Што се прави (предмет на активноста)?*
- *Зошто или поради што се прави тоа (исход од активноста)?*
- *Како се прави тоа (алатки и инструменти)?*
- *Каде се прави тоа (општествен и физички контекст)?*

Овие компоненти се претставени во моделот на следниов начин:

- Tools and Instruments – Алатки и инструменти
- Subject of the Activity – Субјект на активноста
- Object of the Activity – Предмет на активноста
- Outcome of the Activity – Исход од активности
- Social and Physical Context – Општествен и физички контекст




*Слика 1: Модел на активност за опишување на практиките*

Дефиниција на компонентите:

***"Субјект"*** се однесува на лице или на луѓе што ја извршува/ат активноста. Активноста се подразбира и се анализира од гледна точка на лицето (на пример, едукатор на наставници или наставник во основно училиште).

***"Предмет"*** се однесува на фокусот на активноста; тој дефинира кон што е насочена активноста. Ова може да биде друго лице, проблем, тема или каков било физички предмет. Квалитетот на предметот ќе зависи од разбирањето, ставовите и од искуството на субјектот, како и од природата на активноста (на пример, различниот квалитет на водата е битен кога ја пијам, кога мерам еден литар, пливам во езеро или читам за Ноевата арка).

***"Исход"*** се однесува на сите сакани и несакани резултати или влијанија што се креирани како резултат на извршувањето на некоја активност (на пример, постигнување, неуспех). Исходите се предвидуваат преку изјави за целите и тие може да бидат предвидени или непредвидени.

***"Алатки и артефакти"*** се физички и когнитивни алатки или методи што се користат за извршување на активноста (на пример, учебници, стратегии на учење, јазик како алатка за комуникација).

***"Контекст"*** се однесува на карактеристиките на општественото опкружување или средина во која се извршува активноста. Ова може да се однесува на општествените вредности, на уверувањата, нормите или на правилата, но и на климата во училницата, поддршката што ја даваат колегите. Дури и физичката средина понекогаш претставува израз на општествените уверувања и практики што се одразуваат во инфраструктурата, зградите и во другите промени во природната средина направени од човекот.

Моделот на активност се користи за секоја активност за да се даде преглед. Субјектот или вршителот што ја користи алатката и контекстот во кој таа се користи се променливи, затоа тој не е вклучен. Но во прегледот за секоја активност се наведуваат целта или предвидениот резултат (исход), фокусот на активноста (предмет) и материјалите или методите (алатки и артефакти).

## ЦИКЛУС НА РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМИ

Усовршувањето на активностите за едукација на наставниците за да се усогласат со барањата на инклузивното образование најдобро се разбира како процес на решавање проблеми. Проблемите,

како што се активностите за усовршување на активностите за едукација на наставниците се решаваат преку заемно поврзани активности што се спроведуваат по смислен редослед. Активностите го водат корисникот низ прашањата што треба да се решат и темите што треба да се разјаснат пред да се смени тековната практика на едукацијата на наставниците. Тие вклучуваат информации од рамката во формат што е корисен во одредени фази на овој циклус за решавање проблеми. Рамката помага да не се изгуби од вид севкупната цел на усовршувањето на едукацијата на наставниците, односно зголемувањето на нивната ефикасност во поддржувањето или во промовирањето на инклузивните практики. Циклусот на решавање проблеми што се користи за организирање на активностите за надградба е даден на слика 2:




*Слика 2: Циклус на решавање проблеми*

Во практика, усовршувањето нема да биде строго линеарен процес на преземање еден чекор по завршувањето на претходниот. Тоа претставува интерактивен и динамичен процес во кој напредокот често се постигнува со два чекора во исто време, затоа што напредокот за еден чекор ќе отвори нови идеи за следниот или за претходниот чекор. Иако вкупниот процес ќе се движи низ циклусот за решавање проблеми, некогаш ќе биде потребен и чекор назад за да се разгледаат нови идеи. Во реалниот живот никогаш не завршува развојот на наставните планови затоа што имплементацијата ќе истакне потреби за приспособувања и ќе бидат идентификувани нови барања за обука. Различните чекори во циклусот за решавање проблеми се следниве:

***Идентификација на проблеми:***
Идентификација подразбира да се стане свесен за севкупната потреба за промена. За да се разбере потребата за промена, треба да бидат анализирани тековниот пристап, практиките или состојбите, бидејќи тие се однесуваат на идеалот или на визијата за инклузивна практика. За да се помогне во развојот на оваа широка визија, во оваа алатка е даден модел за практика за инклузивните наставници што може да послужи за споредба на вкупниот пристап што го користи носителот на едукацијата на наставниците. Исход од оваа анализа е широкото разбирање за тоа кој е предметот и целта што имаат потреба од трансформација. На пример, ако тековната практика што се однесува на донесувањето на наставниот план училиштата ја сметаат за главен проблем, може да се користат информации добиени за практиките што “ги поддржуваат сите ученици за да им се олесни пристапот до наставниот план”, со цел да се развие визијата на инклузивни практики. Врз основа на оваа визија се развива потребата од промени или разбирањето на тековниот проблем.

***Процена на потребите:***
Процената на потребите ја користи севкупната идентификација на проблемот и настојува да разбере што значи тоа за конкретната целна група. Целната група ќе се менува според главната активност на носителот на едукацијата на наставниците. Во едукацијата на наставниците пред стапување во служба или во почетната едукација целна група се студентите за наставници, додека активностите за едукација на наставниците во текот на службата може да се фокусираат на наставници-почетници, на искусни наставници или и на едните и на другите. Менторските програми или образовните програми за станување едукатор на наставници, генерално, се наменети за искусни наставници што сакаат да се здобијат со специфична стручност за да работат со наставници или со други професионални работници. Некои носители на образовни активности за инклузивно образование вклучуваат дополнителни целни групи, како што се други професионални работници што работат во инклузивни училишта, директори на училишта, претставници на локалните власти, инспектори, едукатори на наставниците или други членови на заедницата. Процената на потребите се заснова врз специфичната практика што се очекува да биде развиена од целната група во контекст на инклузивното образование. За наставниците и за другите професионални работници што работат во инклузивни училишта, четирите области на практики ќе служат како модел врз чија основа ќе се дефинираат празнините или потребите за развој. Потоа корисникот ќе треба да одлучи кои празнини треба да се опфатат во тековната активност за едукација на наставниците.

***Општи и посебни цели:***
Откако ќе се идентификуваат потребите на целните ученици и ќе се донесе одлука кои од овие цели треба да бидат опфатени за работа, може да се утврдат целите на активностите за едукација на наставниците. Општите цели ќе бидат утврдени врз основа на четирите области на практика, со избор на една, две или три области или со земање предвид на сите четири. На пример, вреднувањето на Стратеразличноста на учениците може да биде главна цел на работилницата организирана од локална невладина организација во училиште што има многу разновидна ученичка популација, додека магистерската програма за инклузивното образование ќе се фокусира на сите четири практики. Откако ќе се утврдат општите цели, за развивање посебни цели може да се користи детален опис на практиките што ги дава рамката. Посебните цели зависат од целната група и може да вклучат промена на ставовите и на вредностите, стекнување знаења и вештини, развој на компетенции или дејности. Целите не се само изјави за идеалната идна состојба; тие се поврзани и со разбирањето на активностите или со средствата што ќе им помогнат на наставниците да развијат инклузивни практики. Со други зборови, целите ги вклучуваат севкупните спецификации на активностите за едукација на идните наставници.

***Стратегии и методи:***
Откако ќе станат јасни општите и посебните цели, фокусот се поместува на она што треба да се направи во иднина и како да се направи тоа. Врз основа на севкупните спецификации и на разбирањето на она што треба да бидат способни наставниците да го работат како резултат на активноста за доусовршување на наставниците, треба да се размисли што точно ќе се работи и како да се постигнат овие општи и специфични цели. Треба да се развие разбирање за содржината на наставниот план (опфатеност) и за начините на кои ќе биде ангажирана целната група во потребите за учење. Треба да се размисли каде е најдобро да се одвива оваа активност на учење, со што ќе се дефинираат општествениот и физичкиот контекст на активноста за едукација на идните наставници. Всушност, ова се однесува на поврзувањето на содржината, целите, методите и на контекстите за да се дефинираат идните активности на учење на предметната целна група. Исто така, ова се однесува и на развојот на смислен редослед на различни активности и нивно уредување како план, програма или наставен план.

***Имплементација или реализација:***
Оваа активност е од клучна важност за успехот на новата практика за едукација на наставниците. Таа пренесува во реалност нешто што е замислено во главите на луѓето. Имплементацијата или реализацијата на вашата нова активност за едукација на наставниците значи да се стават вашите планови во акција, да се креира нова практика за едукација на наставниците. Со оглед дека ова во голема мера зависи од специфичната состојба на корисниците, во оваа алатка не може да се дадат многу информации за тоа како треба да се постапи. Можеби корисникот ќе мора да добие политичка поддршка за да обезбеди одржливост на вашата активност, можеби вклучувајќи и процес на акредитација од државна институција. Можеби ќе постои и потреба да се идентификуваат или да се добијат потребните ресурси, инфраструктура и поддршка. Потребно е да се идентификуваат потенцијалните пречки и тие да се решат, како и да се размисли за воведување доусовршување на едукацијата на наставниците. Може да

биде потребно да се обезбеди прифатеност од наставниците и да се создаде врска со наставниците, директорите на училиштата, локалните власти или со други релевантни групи. Треба да се размисли за документирањето, администрирањето и за усовршувањето на новата практика, како што таа станува активност во реалниот свет.

***Оцена и повратни информации:***
Оцената на вашата нова практика за едукација на наставници бара оцена на секоја компонента од вашата практика:

- *Дали избраните општи цели беа соодветни за насочување на вашата нова практика?*
- *Дали се постигнати предвидените посебни цели?*
- *Дали учесниците ги промениле своите уверувања и ставови, стекнале вештини и знаење, развиле компетенции и дејства како што било предвидено?*
- *Дали се адекватни избраните стратегии и методи?*
- *Дали се создадени потребните можности за учење?*

Да резимираме: Дали новата активност за едукација на наставниците е имплементирана како што било предвидено? За да се оцени новата активност за едукација на наставниците и за добивање повратни информации од учесниците и од другите заинтересирани страни, повторно може да се користи моделот на активност. Во оваа алатка, имплементацијата, оценувањето и повратните информации се опишани како една планска активност затоа што фактичката реализација и следните чекори треба да бидат водени со помош на специфични околности во кои се извршува активноста за едукација на наставниците.

## АКТИВНОСТИ ЗА РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМИ

Секој чекор во циклусот за решавање проблеми вклучува три активности. За секоја активност е обезбеден преглед со користење на компонентите од моделот на активноста. Потоа на корисникот му се даваат некои информации што помагаат да се изврши активноста и ги истакнуваат важните точки што треба да се земат предвид. Потоа активноста е опишана подетално, со давање формулари или обрасци што може да се користат за поврзување на активноста со рамката за инклузивни практики (видете го наредниот дел).

За полесно насочување овде е даден преглед на активностите што се предлагаат за секој чекор во циклусот за решавање проблеми:

*Идентификација на проблемот: Фокус на практиките за инклузивно образование*
Активност 2.1: Идентификување на вкупните предизвици и проблеми на професионалните работници
Активност 2.2: Развој на широка визија на инклузивни практики
Активност 2.3: Дефинирање на вкупните потреби за промена

*Процена на потребите: Фокус на професионалните работници на инклузивното образование*
Активност 3.1: Процена на потребите од гледна точка на целна група
Активност 3.2: Процена на потребите од ваша гледна точка
Активност 3.3: Дефинирање на потребите што треба да се опфатат со специфичната активност за едукација на наставниците

*Општи и посебни цели: Визуализација на новата практика за едукација на наставниците*
Активност 4.1: Визуализација на целите и на исходите
Активност 4.2: Средства за визуализација и контексти
Активност 4.3: Развој на нови спецификации

*Стратегии и методи: Изградба на нова практика за едукација на наставниците*
Активност 5.1: Дефинирање на активностите и на целите за новата компонента
Активност 5.2: Дефинирање на методите и на опкружувањата
Активност 5.3: Поврзување на сите аспекти

*Имплементација, оценување и повратни информации: Реализирање на нова практика за едукација на наставниците*
Активност 6.1: Развој на план за имплементација
Активност 6.2: Обезбедување на потребните услови
Активност 6.3: Администрирање, оценување и добивање повратни информации

# 2. Идентификација на проблеми: Фокус на професионалните работници за инклузивно образование

## АКТИВНОСТ 2.1: ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ВКУПНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ И ПРОБЛЕМИ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

*Преглед:*

***Цел:***
- Стекнување разбирање и зголемена свест за предизвиците околу реализирањето на инклузивното образование и како тоа е поврзано со практиката на наставниците
- Изработка на преглед на проблемите во врска со практиката на наставниците во контекст на реализирањето на инклузивното образование

***Фокус на активноста:***
- Професионализмот на наставниците денес во вашиот регион или држава
- Предизвици и проблеми со денешниот професионализам на наставниците во четирите области што се релевантни за инклузивното образование: (1) Личен професионален развој, (2) Вреднување на различноста на учениците, (3) Поддршка за сите ученици, и (4) Работа со други

***Материјали и методи:***
- Самолепливи ливчиња, флип-табла или голем лист хартија, пенкала
- Образец на моделот на активност
- “Бура од идеи”, организирање и документирање проблеми и предизвици

***Заднински информации:***
- Рамка за инклузивна практика на наставниците: Рамка за инклузивна практика во училиштата (во оваа алатка)
- Профил на инклузивните наставници (Европска агенција, 2012)
- Модули на УНИЦЕФ Обучете ги инструкторите за инклузивно образование (УНИЦЕФ, 2015)

*Информации за корисниците*
Пред промената на вашата активност за едукација на наставниците за да ги опфатите прашањата на инклузивното образование, важно е да добиете сеопфатно разбирање на состојбата со наставниците во училиштата. “Добро поставениот проблем е веќе половина решен” (Dewey 1938), со други зборови, ако се постигне соодветно разбирање на дадениот проблем, неговото решавање во реалноста ќе биде многу полесно. Фокусот овде не е на “наставниците како проблем”, туку на проблемите и на предизвиците со кои се соочуваат наставниците во својата секојдневна работа.

Оваа активност може да се врши ад-хок, без дополнителни подготовки, но корисникот треба да има добро разбирање на инклузивното образование и на тоа како наставниците можат да придонесат за реализација на инклузивните практики во училиштата. Истовремено, оваа активност помага да се активираат и да се разјаснат согледувањата за инклузивното образование што се присутни кај учесниците. Ако низ оваа активност станат видливи големи отстапувања, можеби тие ќе треба да се решаваат подлабоко и низ подолг процес од процесот што е опишан овде. Корисникот може да одлучи да собере релевантни информации од разни заинтересирани страни преку интервјуа, анкети или анализи на достапни податоци и информации.

Основен модел за активностите на наставниците е дел од рамката за инклузивни практики што е содржан во оваа алатка и овде може да се користи како референција. Моделот може да се користи за да помогне да се организираат резултатите од вежбата "бура од идеи". Тој ја нагласува вкупната ориентација на инклузивните практики кон ученикот – а не кон наставниот план како севкупна алатка. Исто така, моделот го вклучува општествениот и физичкиот контекст во кој се применува наставниот план. Резултатите од вежбата "бура од идеи" се организирани во овој модел заради разјаснување: дали зборуваме, генерално, за уверувањата на наставниците за различноста, за донесување флексибилен наставен план, за различноста меѓу учениците или за создавање прифатлива средина за учење? Моделот може да се користи и за да се идентификуваат празнините. На пример, како проблем може да биде спомената слабата свест на наставниците за инвалидитетот. Слабата свест не е видлива и затоа треба да се постави прашање како се рефлектира овој проблем во практика.

Освен основниот модел на активностите на наставниците што е даден овде, можеби ќе сакате да го видите и "Профилот на инклузивните наставници", изработен од Европската агенција за специјални потреби и инклузивно образование (2012). Профилот ви дава подетални информации за способностите на наставниците во однос на сопствениот професионализам на наставниците (наставник), вреднувањето на различноста на студентите (ученик), поддршката на сите ученици (наставен план) и работата со други (контекст). Модулите "Обучете ги инструкторите за инклузивно образование" (УНИЦЕФ, 2015), особено Модулот 1, вклучуваат активности што обезбедуваат преглед на она што се подразбира под овие четири области на способностите на инклузивните наставници.

Оваа активност се фокусира на проблемите и на предизвиците со кои се среќаваат професионалните работници што работат во училиштата, особено наставниците. Ова не мора да значи дека не постојат проблеми или предизвици поврзани со другите заинтересирани страни или со контекстуалните фактори, како што се политиките или законодавството, општествените ставови или ресурси. Но со оглед дека оваа алатка настојува да ги подобри активностите за едукација на наставниците, потребно е да се стави фокус на професионалните работници и на нивните практики.

*Опис на активноста*

| **Чекор 1: "Бура од идеи" за проблемите и за предизвиците на професионалните работници во однос на инклузијата** |
|---|
| "Бура од идеи" е едноставен метод за активирање на вашите мисли, искуства и помнење на работите што ви ги кажале други. Еден од начините на постапување е користење мали парчиња хартија или самолепливи ливчиња на кои ги запишувате мислите.<br><br>За да се стимулира "бурата од идеи" може да се користат следниве прашања:<br><br>– На што се однесуваат главните проблеми со кои се соочуваат наставниците во училиштата во вашата држава?<br>– Кои се главните проблеми што ги имаат наставниците во реализацијата на инклузивното образование?<br>– Какви способности треба да имаат инклузивните професионални работници за да направат нешто повеќе од она што е тековна практика? |

## Чекор 2: Организирање на проблемите и предизвиците во четири области на инклузивната практика

Откако сте ги запишале сите ваши мисли, следниве прашања можат да ви помогнат за пофокусирана “бура од идеи”:

- Кои проблеми се поврзани со идентитетот на наставниците како инклузивни практичари?
- Кои проблеми се поврзани со различноста на учениците?
- Кои проблеми се поврзани со наставниот план и со наставните стратегии?
- Кои проблеми се поврзани со контекстот (на пример, училница, училиште, заедница)?

Овие прашања можете да ги користите за да ги истакнете различните проблеми и предизвици во севкупната наставна практика. Кога ќе завршите со “бурата од идеи”, треба да ги организирате вашите самолепливи ливчиња според темата и да проверите дали се целосни. Ако утврдите дека за одреден проблем имате информација само за една или за две компоненти, можеби ќе сакате дополнително да се ангажирате во “бура од идеи” за другите компоненти.




*Слика 3: Основен модел на активностите на наставниците во организирањето и во дополнувањето на резултатите од активноста “бура од идеи”*

## Чекор 3: Документирање на предизвиците и на проблемите користејќи ја Слика 3 или кој било друг формат по ваш избор

Откако сте го организирале вашиот збир на проблеми и предизвици, важно е соодветно да го документирате. Резултатите од оваа активност ќе ви бидат потребни за водење на другите чекори во процесот.

## АКТИВНОСТ 2.2: РАЗВОЈ НА ОПШТА ВИЗИЈА НА ИНКЛУЗИВНА ПРАКТИКА

*Преглед:*

***Цел:***
- Постигнување јасност за вкупната визија на инклузивната практика врз чија основа ќе биде воден процесот на доусовршување
- Организирање на компонентите од оваа визија во практика со користење на моделот на активност

***Фокус на активноста:***
- Вашата визија на инклузивна практика одговара на: Кој? Што? Поради што/Зошто? Како? Каде?
- Моделот на активност ги поврзува заедно компонентите на визијата

***Материјали и методи:***
- Образец на моделот на активност
- Хартија, пенкала, самолепливи ливчиња (по избор)
- Визуализација и организирање на визијата во практика

***Дополнителни информации:***
- Рамка за инклузивна практика на наставниците: Рамка за инклузивни практики во училиштата (во оваа алатка)
- Профил на инклузивните наставници (Европска агенција, 2012)

Модули на УНИЦЕФ Обучете ги инструкторите за инклузивно образование (УНИЦЕФ, 2015)

*Информации за корисниците*

Добивање општо разбирање на проблемите и на предизвиците на наставниците не е доволно за да се разбере навистина што треба да се смени во вашата практика и кои прашања треба да се решат со вашата активност за едукација на наставниците во иднина. Она што сега е потребно е општа визија за тоа како би можеле да бидат различни работите. Визуализацијата на идеалната состојба е важна затоа што дава насока за процесот за решавање проблеми. Ако не разбирате каде сакате да одите, можете да изгубите од вид што е битно и да се концентрирате на детали што не се навистина значајни.

Лесно е да се земат книги, да се пребараат интернет-страници или да се разговара со експерти што ќе ги опишат различните компетенции на наставниците што се релевантни за зафаќање со различностите на учениците, ставовите што се неопходни или вештините што се вклучени во решавањето на специфични прашања поврзани со инклузивното образование. Многу е потешко да се визуализира како сите овие ставови, уверувања, вештини и знаења, како и компетенции, всушност, се поврзуваат заедно за да се реализира инклузивното образование. Со оглед на нивната специфична состојба, во специфични училишта и во заедница со специфични потреби за учење на нивните ученици, наставниците мора да бидат способни да го практикуваат инклузивното образование – не само да зборуваат за него. “Мисловна практика” значи прифаќање на перспективата на наставникот и замислување на она на што се фокусира наставникот (кој?) кога дејствува (што?) и со каква намера или цел (поради што/зошто?). Исто така, потребно е одредено размислување за методите и за алатките (како?) што наставникот ќе ги користи и во кое опкружување (каде?) наставникот ги спроведува активностите. Моделот на активност ги поврзува овие прашања и помага да се развие визија на инклузивни практики – а не да се размислува за изолираните квалитети на наставниците. Според тоа, вашите идеи треба да бидат организирани така за да бидат осмислено поврзани една за друга. Ова се постигнува со нивно организирање во модел на активност. Размислувањето за практики, а не за изолирани идеи за “добрата практика” на почетокот може да претставуваат предизвик. Но предноста од прифаќањето сеопфатен пристап за да се добие разбирање за инклузивните практики натежнува над тешкотиите со кои се среќавате додека се навикнувате на користењето на овој нов пристап.

Според тоа, визуализацијата на тоа како работите може да биде различна и како би изгледала поинклузивната практика во училиштата претставува важен следен чекор. Оваа активност може да ја спроведете сами или со други луѓе од вашата организација или заедно со другите заинтересирани

страни. Колку што се побогати влезните податоци, толку поцелосна ќе биде вашата визија. Производот на оваа активност, исто така, може да го употребите за да им ја соопштите вашата визија на другите, на пример, кога барате финансиска поддршка или кога ги мотивирате другите да се вклучат во процесот на доусовршување.

*Опис на активноста*

**Чекор 1: Визуализација на тоа како работите може да бидат различни**

Во Активноста 2.1 сте ги идентификувале проблемите и предизвиците со кои се соочуваат наставниците при реализирањето на инклузивното образование. Сега нив ги оставате настрана и размислувате за начините на кои работите може да бидат различни.

За да ја стимулирате вашата визуализација може да ги користите следниве прашања:

- Каков вид луѓе работат во инклузивно училиште?
- Што работат инклузивните практичари?
- Како изгледа физички едно инклузувно училиште?
- Како и што учат децата и младинците во инклузивно училиште?
- Каде се среќаваат децата и младинците за да се запознаат меѓусебно?
- Што постигнуваат инклузивните училишта што не може да го постигнат другите училишта?
- Како луѓето остваруваат меѓусебна интеракција во инклузивно училиште?
- Како изгледа заедницата што има инклузивно училиште?
- Како се инволвира заедницата во училиштата?

Врз основа на резултатите од Активноста 2.1 преку идентификација на решенијата на наведените проблеми може да се генерираат дополнителни прашања. Запишете ги вашите идеи на хартија или на самолепливи ливчиња и изберете ги оние што се најважни според вашето мислење.

Би било идеално во оваа активност да се ангажирате заедно со други луѓе. Со нивните информации вашата визија ќе има повеќе смисла за другите заинтересирани страни. На пример, можеби ќе сакате да вклучите практичари што веќе работат во инклузивното образование или имаат искуство во развојот на инклузивните практики во училиштата. Комуникацијата со други луѓе ќе помогне да се развие визијата и може да го олесни нејзиното ширење подоцна.

## Чекор 2: Визуализација на идеални инклузивни практики

Најверојатно чекорот 1 од оваа активност ќе резултира со многу идеи – што не мора да бидат заемно поврзани. Особено ако други заинтересирани страни учествувале во дискусијата, идеите и изјавите за тоа како треба работите да бидат засновани врз многу различни гледишта за образованието, можат да опфатат многу прашања што не се директно поврзани со инклузивните практики. Сега ќе треба да ги одредите приоритетите, да ги сумирате и да ги организирате овие идеи за да добиете визија на идеални инклузивни практики. Се препорачува за оваа цел да го користите моделот на активност, наведувајќи ги прашањата што треба да се решаваат и организирајќи ги вашите идеи и визии. *Оваа вежба може да ја правите сами или со други.* Подолу ќе го најдете соодветниот образец (Слика 4).
Изберете ги најважните идеи или визии и обидете се да добиете најцелосна можна слика со вклучување на секое од следниве прашања:

- **Кој:** Кои ставови, вештини и знаења, компетенции и дејства на наставниците или на другите професионални работници се потребни за да се исполни оваа визија или идеја? (Фокус на субјектот, лицето што дејствува)
- **Што:** На што треба да се фокусираат инклузивните практичари или на што треба да работат или што треба да изменат за да се исполни оваа визија или идеја? (Фокус на активноста)
- **Поради што/зошто:** Какви исходи треба да имаат во умот практичарите или какви намери или цели треба да ја водат нивната практика за да се исполни оваа визија или идеја? (Цел)
- **Како:** Како инклузивниот практичар предава, содејствува со други или комуницира; кои методи, алатки или наставен план ги користи за да ја исполни оваа визија или идеја? (Алатки и артефакти)
- **Каде:** Каде треба да работи инклузивниот практичар и кои се карактеристиките на инклузивното опкружување потребно за исполнување на оваа визија или идеја? (Контекст)

За да ја развиете вашата визија за идеална инклузивна практика на наставниците може да го користите образецот за моделот на активност. Ако ја правите оваа вежба со други, може да го пренесете образецот на флип-табла или да користите мултимедијален проектор / графоскоп за да го проектирате моделот на ѕид. Потоа може да користите самолепливи ливчиња за да ги поврзете идеите од различни учесници. Образецот може да се користи за секоја идеја или визија што се смета за важна и доволно сеопфатна за испитување на ваков начин. Можете и да ги сликате сите пополнети обрасци за цели на документирање.




*Слика 4: Користење на моделот на активност за креирање визија за инклузивна практика*

**Чекор 3: Документирање на идеалните инклузивни практики**

Откако сте завршиле со мапирањето на вашата визија според моделот на активност – со што сте ги развиле во идни идеални практики, ќе треба да одлучите која од овие визии е доволно опсежна за да ги насочува подоцнежните процеси. Може да развиете само една визија користејќи го основниот модел на активностите на наставниците (Табела 1) или може да изберете да ги користите четирите области на наставните практики (фокус на наставникот, на ученикот, на наставниот план, на контекстот).

Начинот на кој ќе ја документирате вашата визија за идеални инклузивни практики на наставниците или на други професионалци ќе зависи од контекстот во кој се прави тоа. Ако оваа активност ја врши тим на наставници, резултатите може да бидат вклучени во училишната развојна програма. Ако невладина организација развива таква визија, таа ќе го насочува развојот на својата програма и ќе помогне во комуникацијата со донаторите или со другите партнери. Клучни изјави на оваа визија може да се користат за комуникација со другите во врска со вашите активности за едукација на наставниците, на пример, во текот на фазата на имплементација.

## АКТИВНОСТ 2.3: ДЕФИНИРАЊЕ НА ВКУПНИТЕ ПОТРЕБИ ЗА ПРОМЕНА

*Преглед:*

***Цел:***
- Испитајте ја разликата меѓу идентификуваните проблеми и визијата на инклузивната практика
- Дефинирајте ја најважната потреба за промена во однос на професионализмот на наставниците, вреднувањето на различноста на учениците, наставниот план што ги поддржува сите ученици, работата со други за да се креира средина што нуди можности, како за практиката на наставниците, така и за едукацијата на наставниците

***Фокус на активноста:***
- Проблеми и предизвици идентификувани во Активноста 2.1
- Општа визија на инклузивните практики развиена во Активноста 2.2

***Материјали и методи:***
- Не е потребен никаков материјал
- Споредба, дискусии, собирање информации

***Дополнителни информации***
- Рамка за инклузивните практики во училиштата (во оваа алатка)
- Профил на инклузивните наставници (Европска агенција, 2012)
- Наставничка професија за XXI век. Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование – АТЕПИЕ) (Центар за образовни политики, Белград, 2013)
- Клучни компетенции за различноста (Совет на Европа, 2009)

*Информации за корисниците*
На крајот на процесот за идентификација на проблемите важно е да се разбере разликата меѓу тековната состојба, вклучувајќи ги и сите проблеми и предизвици со кои се соочуваат наставниците во својата практика и визијата за инклузивните наставни практики развиена во Активноста 2.2. Споредувањето на она што е сега и што треба да биде ја истакнува потребата за учење на наставниците. Оваа активност, всушност, е анализа на празнините, со која се споредува тековната практика со посакуваната практика во иднина.

Тука фокусот не е на она што треба да го научат наставниците во конкретниот момент во својот професионален живот (на пример, како студент за наставник, наставник-почетник, искусен наставник или наставник-експерт). Фокусот е на вкупните потреби на наставничката професија или на други професии што работат во инклузивни образовни опкружувања.

*Опис на активноста*

**Идентификување на потребата за промена**

Досега сте се здобиле со целосно разбирање за проблемите и како тие се презентираат во однос на професионализмот на наставниците, вреднувањето на различноста на учениците, поддршката за сите ученици и работата со другите, со цел да се креира средина што нуди можности (Активност 2.1). Генериравте идеи за идната практика што подобро ќе придонесат за реализацијата на инклузивното образование (Активност 2.2).

Сега ве молиме да одговорите на следниве прашања и да ги запишете вашите размислувања:

Кои се главните разлики меѓу тековната практика и идната инклузивна практика?
Кои карактеристики на вашата визија може да бидат опфатени со едукацијата на наставниците и на другите професионални работници?
Дали можете да ја идентификувате потребата за промена и да ја запишете?

Организирајте ги вашите мисли во однос на четирите области на компетенциите на наставниците како што е дефинирано во Профилот на инклузивните наставници (видете под Материјали и методи). Откако сте го постигнале ова, користете ја Табела 1 за да ја документирате потребата за промена. Прво, пополнете го делот “идентификувана празнина / потреба за промена што се однесува на наставната практика”, а потоа размислете за тие празнини и за потребата за промена во едукацијата на наставниците. Наместо да ја користите Табела 1 што е дадена подолу, можеби ќе сакате да користите поинаков формат што ѝ одговара на вашата потреба за детали и организација.

| | Идентификувана празнина / потреба за промена што се однесува на наставната практика | Идентификувана празнина / потреба за промена што се однесува на едукацијата на наставниците |
|---|---|---|
| Професионален развој за инклузивните практичари | | |
| Вреднување на различноста на студентите за унапредување на пристапот, учеството и учењето, остварувањата | | |
| Поддршка на сите ученици за олеснет пристап до наставниот план | | |
| Работа со други за да се создаде средина што нуди можности | | |
| Други прашања: | | |

*Табела 1: Документација за потребата за промена во четирите области на инклузивната практика*

# 3. Процена на потребите: Фокус на практиките за инклузивно образование

## АКТИВНОСТ 3.1: ПРОЦЕНА НА ПОТРЕБИТЕ ОД ГЛЕДНА ТОЧКА НА ВАШАТА ЦЕЛНА ГРУПА

*Преглед:*

***Цел:***
- Добивање подетално разбирање за тоа како потребата за промена влијае врз вашата целна група

***Фокус на активноста:***
- Што може да направи вашата целна група, а што не може во однос на инклузивните практики

***Материјали и методи:***
- Список на идентификувани празнини и потреби утврдени во Активноста 2.3
- Хартија, пенкала, самолепливи ливчиња (по избор)
- "Бура од идеи", документирање

***Дополнителни информации:***
- Рамка за инклузивни практики во училиштата (во оваа алатка)
- Профил на инклузивните наставници (Европска агенција, 2012)
- Наставничка професија за XXI век. Унапредување на професионализмот на наставниците за инклузивно, квалитетно и релевантно образование – (Advancing Teacher Professionalism for Inclusive, Quality and Relevant Education – ATEPIE) (Центар за образовни политики, Белград, 2013)
- Клучни компетенции за различноста (Совет на Европа, 2009)

*Информации за корисниците*
Претходниот дел се фокусира на вкупната потреба за промена што влијае врз сите професионални работници и врз сите активности за едукација на наставниците. Ова беше важно за да се добие преглед што може да се користи во различни фази на професионалниот развој и за разни професионални работници што работат во инклузивните училишта. Сега е потребна подетална и пофокусирана анализа за да се разбере потребата на вашата конкретна целна група (на пример, студенти за наставници на нивната почетна сесија од обуката, искусни наставници што веќе работат во училиште). Што значи оваа вкупна потреба за промена за вашата целна група? Дали вашата целна група е доволно компетентна и, според тоа, способна да реализира инклузивна практика?

Ваша целна група може да бидат наставници или други професионални работници, па дури и родители или членови на заедницата што придонесуваат за реализацијата на инклузивното образование. Ваша целна група може да бидат студенти за наставници, наставници-почетници, искусни наставници или наставници-експерти. Тие се наоѓаат во различни точки од својот професионален развој и, според тоа, ќе имаат различни потреби. За училиштата што се ангажираат во професионалниот развој како дел од тоа да станат поинклузивни, оваа активност ќе се фокусира на нив самите и на нивните колеги на работа.

За оваа активност треба да прифатите пошироко гледиште за вашата целна група за да не ги исклучите потенцијалните идни учесници во вашата активност за едукација на наставниците. Ова може да вклучи користење различни популации од онаа со која работите во моментов или со проширување на вашиот опсег за да вклучите наставници во различни фази од нивниот професионален развој или други професионални работници.

*Опис на активноста*

**Чекор 1: Процена на потребите на вашата целна група – "бура од идеи"**

Прегледајте ја пополнетата Табела 1 (производ на Активноста 2.3; левата колона на идентификуваните празнини/потребата за промена што се однесува на практиката на наставниците) и разгледајте што сте запишале за да ја опишете потребата за промена од гледна точка на вашата целна група.

- Колку ќе биде погодена вашата целна група од идентификуваната потреба за промена (Активност 2.3)?
- Која е разликата меѓу тековните практики и предвидените идни практики за инклузија за вашата целна група?
- Колку добро е подготвена вашата целна група за да ја преземе оваа нова практика?
- За што треба да биде подготвена вашата целна група во оваа конкретна фаза од професионалниот развој?
- Каде вашата целна група најверојатно ќе се соочи со тешкотии и зошто (на пример, поврзано со нивните ставови, уверувања, вештини и знаења, компетенции и дејности)?

Запишете ги вашите мисли на парче хартија или на самолепливи ливчиња така како што ви доаѓаат на ум. Откако ќе завршите, одделете време да ги организирате своите мисли во однос на четирите области на инклузивната практика (видете Активност 2.3) или во формат по ваш избор.

Можеби ќе сакате да разговарате за овие прашања со другите заинтересирани страни или со претставниците на вашата целна група за да ја збогатите дискусијата и да добиете дополнителни информации за потребите на вашата целна група. Тоа може да биде корисно за идната соработка со другите носители на активностите за едукација на наставниците во обид да се постигне заедничко разбирање на вкупните потреби на вашата целна група за професионален развој.

**Чекор 2: Споредба на идентификуваните потреби со информациите дадени во рамката**

Сега одете на рамката за развој на инклузивната практика. Прочитајте ги описите што се дадени за секој домен на инклузивната практика и споредете ги со резултатот од вашата вежба "бура од идеи". Поставете си ги следниве прашања:

- Дали информациите што се дадени во прегледот укажуваат на потреби што сè уште не сте ги разгледале?
- Дали информациите во "Фокусот на способностите" укажуваат на потреби што сè уште не сте ги разгледале?
- Дали информациите во "Објектот и целите" укажуваат на потреби што сè уште не сте ги разгледале?
- Дали информациите во "Алатките и стратегиите" укажуваат на потреби што сè уште не сте ги разгледале?
- Дали информациите во "Контекстот" укажуваат на потреби што сè уште не сте ги разгледале?

Со одговорите на овие прашања треба да добиете поцелосна листа на потребите што се релевантни за вашата целна група. Во оваа фаза уверете се дека сте мислеле на сè што е важно. Можеби ќе сакате да се вратите на Активноста 2.2 каде што сте развиле поширока инклузивна практика. Можеби постојат одредени точки што сè уште не сте ги опфатиле.

**Чекор 3: Одлука за тоа што е важно и поврзаните потреби на вашата целна група**

Сега вашите резултати треба да бидат организирани за да може да ги користите во следните чекори на циклусот за решавање проблеми. Сега ќе мора да одлучите кои практики се најважни за вашата целна група и да ги идентификувате поврзаните потреби: Кои инклузивни практики се апсолутно неопходни за да може вашата целна група да придонесе во реализацијата на инклузивното образование? Какви промени или подобрувања на практиката се потребни за да може вашата целна група да се ангажира во инклузивни практики?

Користете ја Табела 2 за да ги идентификувате важните практики за вашата целна група и да ја истакнете потребата за подобра подготовка. Изберете ги најрелевантните информации што се добиени во чекор 2 и користете ја рамката како референција. Можеби ќе сакате во оваа активност да ги вклучите другите заинтересирани страни или претставници на целната група.

| | Следниве практики се многу важни за нашата целна група: | Нашата целна група треба да биде подобро подготвена за: |
|---|---|---|
| Професионален развој за инклузивните практичари | | |
| Вреднување на различноста на учениците за унапредување на пристапот, учеството и учењето, остварувањата | | |
| Поддршка на сите ученици за олеснет пристап до наставниот план | | |
| Работа со други за да се создаде средина што нуди можности | | |
| Други прашања: | | |

*Табела 2: Потреби на вашата целна група поврзани со важни практики*

## АКТИВНОСТ 3.2: ПРОЦЕНА НА ПОТРЕБИТЕ ОД ВАША ГЛЕДНА ТОЧКА

*Преглед:*

***Цел:***
- Добивање подетално разбирање на тоа како врз вас влијае потребата за промена
- Дефинирање на вашиот придонес за едукација на наставниците со оглед на опсегот на вашиот мандат

***Фокус на активноста:***
- Потреби што ги решавате или ќе ги решавате во иднина
- Ваша сопствена подготвеност генерално да ги исполните овие потреби

***Материјали и методи:***
- Список на идентификувани празнини и потреби утврдени во Активноста 2.3
- Пополнета табела развиена во Активноста 3.1
- Образец на моделот на активност (по избор)
- Хартија, пенкала, самолепливи ливчиња (по избор)
- “Бура од идеи”, организирање, споредување, документирање

***Дополнителни информации:***
- Рамка за инклузивни практики во училиштата (во оваа алатка)
- Европска фондација за обука (2011). Извештај Наставници за иднината: Развој на наставниците за инклузивно образование на Западен Балкан

*Информации за корисниците*
Сега ја менувате гледната точка и размислувате за состојбата како некој што сака да придонесе во реализацијата на инклузивното образование преку едукација на наставниците. Оваа активност се однесува на прифаќањето посебна сопствена гледна точка (едукатор на наставници, наставник, директор на училиште) и на тоа какви може да бидат вашите потреби за промена. Активностите за едукација на наставниците може да се понудат на многу различни места и со примена на различни

стратегии, што било, од предавања на универзитети, одржување работилници во заедницата за да ја споделите вашата практика низ отворени сесии во училиштата. Исто така, учењето на наставниците може да се појави како дел од соработката меѓу, повеќе или помалку, искусни колеги, со цел подигнување на свеста, пренесување на знаењата или развој на компетенции, дејствување и посветеност.

Активностите за едукација на наставниците за инклузивно образование треба да прифатат и инклузивни практики – не само училиштата. Инклузивното образование се заснова врз принципите на активно, саморегулирано учење, почитување на разликите и личен развој – да наброиме само неколку. Ако во минатото вашата активност за едукација на наставниците се засновала само врз предавања, можеби ќе сакате да размислите за поактивна улога за вашата целна група. Можеби ќе сакате да воспоставите поблизок однос со училиштата за да помогнете да се надмине празнината меѓу теоријата и практиката. Ако сте директор на училиште што е инволвиран во професионален развој на вашиот персонал, прифаќањето на гледната точка на "едукаторот на наставниците" помага да се размислува за ефективни стратегии за промовирање на професионалното учење на работното место.

Имајте на ум дека другите можеби имаат различни гледишта за вашата практика. На пример, можеби ќе сакате да ги дознаете гледиштата на училиштата што ги примаат вашите студенти за наставници заради практична обука во текот на почетната едукација за наставниците, или како директор на училиште можеби ќе сакате да ги вклучите вашиот персонал, претставниците на локалните власти, инспекторите или другите страни што имаат знаења за вашата практика.

*Опис на активноста*

**Чекор 1: Идентификување на потребите од ваша специфична гледна точка – "Бура од идеи"**

Прегледајте ја пополнетата Табела 1 (Активност 2.3; вклучувајќи ја и десната колона за идентификуваната празнина/потреба за промена што се однесува на едукацијата на наставниците). Ве молиме, размислете за следниве прашања:

Кои празнини/потреба за промени поврзани со наставната практика сакате да ги опфатите?
Кои празнини/потреба за промени поврзани со едукацијата на наставниците сакате да ги опфатите?

Сега сте идентификувале што сакате да опфатите со активноста за едукација на наставниците што моментно ја усовршувате. За да разберете поцелосно што е тоа што сакате да го вклучите, проширете го вашето разбирање преку "бура од идеи":

- **Кој:** Кои ставови, вештини и знаења, компетенции и дејства на наставниците и на другите професионални работници сакаме да ги опфатиме и да ги развиеме? (Фокус на субјектот, лицето што дејствува)
- **Што:** Кои активности сакаме да ги примениме за развивање на наставната практика? (Фокус на активноста)
- **Поради што/зошто:** Кои намери или цели треба да ја насочуваат практиката што сакаме да ја развиеме? (Цел)
- **Како:** Кои методи, алатки или стратегии на наставниците сакаме да ги развиеме? (Алатки и артефакти)
- **Каде:** Кој е контекстот што сакаме учителите да бидат способни да го развијат и да работат во него? (Контекст)

Можете да го користите образецот на моделот за активност што е даден за Активноста 2.2 за да ги организирате резултатите на вашата "бура од идеи". Може да се ангажирате во кратка сесија на "бура од идеи" едноставно за да стекнете поцелосно разбирање на тоа кои се празнините или потребите што сакате да ги опфатите или може да се ангажирате во продолжена вежба за да се здобиете со детално разбирање на идните практики што сакате да ги развиете преку активноста за едукација на наставниците. Одлуката ќе зависи од вашата потреба за документација или комуникација со други носители или заинтересирани страни.

## Чекор 2: Процена на потребите на вашата целна група од ваша специфична гледна точка

Чекор 1 ви дава основно разбирање за потребите или за празнините што сакате да ги опфатите со вашите активности за едукација на наставниците воопшто. Следниот чекор ви помага да се фокусирате на потребите на вашата целна група што реално сте во можност да ги решите. На пример, ако сте професор што работи на почетна едукација на наставниците, ќе бидете во можност да се ангажирате во некои активности за едукација на наставниците, но не и во други. Ако работите за невладина организација, вашиот мандат може да биде ограничен на одредени области од наставната практика.

Земете ја пополнетата Табела 2 (Активност 3.1) и прегледајте ги вашите одговори за она "што е важно за вашата целна група" и "каде вашата целна група треба да биде подобро подготвена". Сега ќе се концентрирате на вашиот придонес (сегашен и иден) идентификуван во чекор 1. Може да постојат и други носители на активностите за едукација на наставниците што работат со иста целна група или, едноставно, можеби нема да бидете во можност да ги опфатите сите потреби со оглед на вашите ресурси и временски ограничувања.

- Кои потреби на вашата целна група веќе ги решавате?
- Кои потреби на вашата целна група ќе ги решавате во иднина?
- Кои потреби на вашата целна група нема да бидете во можност да ги решавате?
- Која компонента од вашите активности за едукација на наставниците решава кои се тие потреби?
- Кои од идентификуваните потреби би можеле да се решат само ако ја промените вашата практика?
- Колку добро сте подготвени да ги решавате идентификуваните потреби на вашата целна група?

Запишете ги своите мисли на парче хартија или на самолепливи ливчиња така како ви паѓаат на ум. Откако ќе завршите, одделете одредено време за да ги организирате своите мисли во однос на четирите области на инклузивната практика (видете Активност 2.3) или во формат по ваш избор. Можеби ќе сакате да се вратите на пошироката визија на инклузивната практика што сте ја развиле (Активност 2.2) за да се уверите дека сте ги опфатиле најважните точки.

Слично на Активноста 3.1, може да ја користите рамката за развој на инклузивната практика или, едноставно, може да ги погледнете информациите што сте ги поврзале во Табела 2 (Активност 3.1). Прегледајте ја табелата и за секое внесување одлучете дали сакате или дали можете да ги опфатите во активностите за едукација на наставниците.

Можеби ќе сакате да ја разгледате оваа активност со другите носители на активностите за едукација на наставниците, со другите заинтересирани страни или со претставниците на вашата целна група за да ја збогатите дискусијата и да добиете дополнителни информации за тоа кои потреби ќе ги опфатите во иднина. Ова може да биде особено корисно за идната соработка со другите носители на активностите на едукација на наставниците во обид да се координираат и да се дополнуваат активностите.

## Чекор 3: Документирање на потребите на вашата целна група што сакате да ги решавате

Резултат од оваа активност треба да биде документ во кој ќе ги наведете потребите што сакате да ги опфатите во вашите идни активности за едукација на наставниците и потребата за промени во вашата сопствена практика заради решавање на овие потреби. Исто така, може да биде корисно да го документирате тоа што нема да го опфатите за цели на координација со другите носители.

За оваа цел може да ја користите Табела 3 (видете подолу). Ова ќе помогне да се истакнат информациите што недостигаат, да се поврзат резултатите со претходните активности и да се олесни споредбата на информациите низ циклусот на решавање проблеми.

| Прифаќање на вашата специфична гледна точка... | Потребите што сакате да ги опфатите со вашите активности за едукација на наставниците: | Вашата потреба за промена за да ја опфатите во активностите оваа потреба на вашата целна група: |
|---|---|---|
| Професионален развој за инклузивните практичари | | |
| Вреднување на различноста на учениците за унапредување на пристапот, учеството и учењето, остварувањата | | |
| Поддршка на сите ученици за олеснет пристап до наставниот план | | |
| Работа со други за да се создаде средина што нуди можности | | |
| Други прашања: | | |

*Табела 3: Процена на вкупните потреби од ваша сопствена гледна точка*

## АКТИВНОСТ 3.3: ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ОПФАТАТ СО СПЕЦИФИЧНА АКТИВНОСТ ЗА ЕДУКАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ

*Преглед:*

***Цел:***
- Идентификување на потребите што треба да се опфатат со една специфична активност за едукација на наставниците
- Дефинирање на потребите за учење на професионалните работници што учествуваат во вашата активност за едукација на наставниците

***Фокус на активноста:***
- Потребите што треба да се опфатат со специфичната активност за едукација на наставниците
- Вашата сопствена подготвеност да ги исполните овие потреби

***Материјали и методи:***
- Резултати од активностите 3.1 и 3.2

***Дополнителни информации:***
- Рамка и информации во Дел 3
- Европска фондација за обука (2011). Извештај Наставници за иднината: Развој на наставниците за инклузивно образование на Западен Балкан

*Информации за корисниците*
Активноста 3.3 е клучна активност за да се одлучи кои потреби поврзани со инклузивните практики во училиштата ќе бидат опфатени со активноста за едукација на наставниците што во моментов ја усовршувате. Повеќето носители на едукацијата на наставниците нудат различни програми, курсеви, модули или работилници и сите треба да придонесат во реализацијата на инклузивните практики во училиштата. Во идеален случај, овие активности заедно ќе ги задоволат сите досега идентификувани потреби на вашата целна група. Во овој случај информациите добиени во Активноста 3.2 треба да

бидат разложени и вклопени во специфичната активност за едукација на наставниците што минува низ процесот на усовршување. Ако обезбедувате само една активност за едукација на наставниците, резултатите од Активноста 3.2 може да се користат директно за развивање цели и нема потреба да се спроведува чекор 1 од Активноста 3.3.

За целите на координацијата не е важно само да се наведе кои потреби вие ги решавате, туку и кои потреби не ги решавате. Другите носители може да бидат подобро позиционирани за да задоволат одредени потреби или некои од потребите може да бидат подобро решавани во порана или во подоцнежна фаза во професионалниот развој на наставниците. Исто така, чекор 2 и Активноста 3.3 сугерираат да документирате кои потреби на вашата целна група нема да ги разгледувате. Важно е оваа информација да се сподели со другите носители што работат во иста, порана или во подоцнежна, фаза на професионалниот развој на наставниците. Ова ќе ги олесни комуникацијата и координацијата на активностите за едукација на наставниците низ нивниот професионален работен век.

Освен тоа, можете да идентификувате потреби што го надминуваат тоа што може да се постигне преку едукација на наставниците, затоа што тие бараат промени на законодавството или реформи на наставниот план. Иако овие потреби ја надминуваат вашата непосредна активност за едукација на наставниците, важно е тие да се документираат. За оваа цел може да се користат информациите што се наведени во поглавјата за "Развојот на способностите низ работниот век", дадени за сите четири области на инклузивната практика (видете ја рамката во следниот дел).

*Опис на активноста*

**Чекор 1: Разложување на резултатите од Активноста 3.2 ако е потребно**

Ако обезбедувате различни активности за едукација на наставниците и ако сте развиле широка процена на понуди, ќе мора да ги разложите резултатите и да се фокусирате на една специфична активност за едукација на наставниците што сакате да ја доусовршувате. Вратете се на Активноста 3.2 и изберете ги потребите што ќе ги опфатите со една специфична активност на едукација на наставниците. Можеби ќе сакате да ја направите оваа вежба за сите ваши активности за да ги подобрите компатибилноста и комплементарноста.

Ако обезбедувате само една активност за едукација на наставниците, тогаш информациите од Активноста 3.2 може да се користат за следните активности без промени.

**Чекор 2: Идентификување на потребите што треба да бидат опфатени со други активности или од други носители**

За да се овозможи комуникацијата со други носители на едукацијата на наставниците, важно е да се постигне договор за тоа кои способности треба да бидат развиени и во која фаза на професионалниот развој. Затоа размислете за тоа што е потребно пред или по фазата во професионалниот развој на наставниците на која работите.

Разгледајте ги резултатите од чекор 1 (или Активноста 3.2) и видете што треба да биде усовршено во исто време, пред или по вашата активност за едукација на наставниците. Споделете ги резултатите со другите носители на активности за едукација на наставниците и со другите партнери, со цел да ги усогласите вашите активности.

**Чекор 3: Идентификување на сопствените потреби за развој и други потреби за промена**

Врз основа на Активноста 3.2 и чекорите 1 и 2 од оваа активност сега можете да дадете информација за начините на кои вие, како носител, треба да ја промените или да ја развиете вашата практика. Ова е важно за да обезбедите да имате доволно време за неопходна изградба на капацитети додека ја усовршувате вашата активност за едукација на наставниците.

Користејќи ги собраните и генерираните информации, сега, исто така, може да размислувате за потребата за промена или за проблемите со тековните практики што не може да бидат решени преку активностите за едукација на наставниците. Разгледајте ги вашите можности да ги решите овие потреби со други средства, на пример, преку истражување, училишни проекти или развој на нови алатки и методи.

На крајот, исто така, треба да ја разгледате потребата од промена што ќе треба да ја решаваат други затоа што таа го надминува вашиот мандат. Преку соработката со јавните и со приватните партнери, некои од овие потреби може да се решаваат во иднина. Разменете ги вашите резултати со другите заинтересирани страни за инклузивното образование што можат да придонесат во изградбата на капацитетите во идентификуваните области.

# 4. Цели и компоненти: Визуализација на нова практика за едукација на наставниците

## АКТИВНОСТ 4.1: ВИЗУАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИ И ИСХОДИ

*Преглед:*

***Цел:***

- Испитување на можни придонеси за развој на способностите и на практиките на наставниците
- Дефинирање на сите компоненти засновани врз придонесот што сакате да го дадете

***Фокус на активноста:***

- Цели и исходи што сакате да ги постигнете (“Зошто/За што”)
- Активности што помагаат да се постигнат целите (“Што?”)

***Материјали и методи:***

- Резултати од Активноста 2.2 и од Активноста 3.3

***Дополнителни информации:***

- Модули на УНИЦЕФ Обучете ги инструкторите за инклузивно образование
- Европска фондација за обука (2011) Извештај Наставници за иднината: Развој на наставниците за инклузивно образование на Западен Балкан

*Информации за корисниците*

Сега имате солидно разбирање на потребите што сакате да ги опфатите како дел од вашата активност за едукација на наставниците и да се здобиете со одредено разбирање за тоа како можеби ќе треба да ја смените својата активност за да одговорите на овие потреби (видете го исходот од Активноста 3.3). Сега треба да се префрлите од гледиштето засновано врз потреби на гледиштето засновано врз цели. За оваа цел е потребно да се префрлите од анализирање и разбирање на проблемите на предвидување решенија и развивање цели. Сега ќе престанете да гледате назад и ќе почнете да гледате напред.

Вообичаена грешка што се прави во оваа фаза е одделно да се разгледува секој проблем и да се пронаоѓа решение за него. На пример, наставниците треба да ги менуваат своите негативни ставови кон децата со пречки во развојот, затоа треба да планирате активности за зголемување на свеста. Меѓутоа, овие активности ќе имаат мал ефект врз практиката на наставниците ако не се поврзани со активностите на наставниците во училницата. Ако наставниците не се способни да ги оценат потребите

за учење и ефективно да го олеснат учењето, "зголемената свест" за пречките во развој може дури да има и негативно влијание врз учениците. За решавање на проблемите и за задоволување на потребите потребна е иновација на тековните практики. Визијата развиена во Активноста 2.2 ќе ви помогне да ја имате во вид севкупната визија на инклузивните практики.

Сега треба да испитате каков придонес сакате да дадете во иднина; визуализација на вашите предвидени цели или исходи и активности што ќе ги користите за да ги постигнете овие цели. Со други зборови: Треба да откриете што сакате да постигнете во иднина и што ќе правите за да ги постигнете целите што ги предвидувате.

Како и кај сите активности на луѓето, активностите за едукација на наставниците се ограничени со време и со простор. Со мудро комбинирање на целите ќе бидете во можност да го извлечете максимумот од времето што ви е на располагање. На пример, студентите за наставници може да учат да соработуваат, да ја зголемат својата свест за пречките во развој и да се здобијат со подобро разбирање за потребите за поддршка и сè во исто време додека работат со слеп колега на училиштен проект во локалната заедница како дел од нивната практична обука.

Како резултат на оваа активност треба да имате широко разбирање за компонентите на вашите нови практики за едукација на наставниците, вклучувајќи ги и целите што настојувате да ги постигнете преку овие компоненти. Размислувањето за моделот на активност нема да ве поттикне само да размислувате за содржината што сакате да ја апсорбира вашата целна група туку повеќе за активностите што таа ќе ги спроведе за да ги постигне целите што сте ги дефинирале во чекор 1. Графиконите што се користени во рамката за развој на инклузивната практика може да ви помогнат да бидете постојано фокусирани на целите и на активностите наместо да се концентрирате на содржината.

*Опис на активноста*

**Чекор 1: Визуализација на вашите предвидени цели или исходи**

Земете ги резултатите од Дел 3 (Активност 3.1, Активност 3.2, Активност 3.3) и одговорете на следниве прашања:

- Кои се очекуваните исходи од вашата идна активност за едукација на наставниците?
- Кои активности најдобро би ги поддржале наставниците во развивањето на неопходните способности за задоволување на идентификуваните потреби?
- Со кои теми или содржини би сакале да ја ангажирате вашата целна група додека ги извршувате овие активности?
- Која би била целта на овие активности?
- Која би била вашата намера да ја ангажирате целната група во овие активности?

Можеби би сакале прво да се ангажирате во одредени активности за "бура од идеи" за да ги развиете активностите. Поврзете ги вашите резултати од активноста "бура од идеи" за четирите домени на практика и внимавајте тие да ги опфатат сите идентификувани потреби.

**Чекор 2: Дефинирање на компонентите на вашата идна практика**

По фазата на испитување во чекор 1 треба да размислите за компонентите што сакате да ги вклучите во вашата идна практика за едукација на наставниците. Овие компоненти ќе бидат основни елементи на вашата идна практика за едукација на наставниците. Како пример, можеби ќе сакате да ги користите модулите на УНИЦЕФ Обучете ги инструкторите за инклузивно образование. Постојат три модули и секој модул содржи неколку единици што се фокусираат на специфичен аспект на инклузивната практика.

Начинот на кој ги развивате овие компоненти и ги опишувате ќе зависи од барањата на вашето опкружување. Не постои најдобар начин на кој се прави тоа. Можеби ќе сакате да ги користите четирите области на практика за инклузивните практичари (Дел 3) како референција или да користите други принципи за организирање (на пример, врз основа на стандардите што се користат во вашето опкружување или изјавите за мисија на вашата организација). За секоја компонента треба да ги дефинирате следниве параметри:

- Име или назив на компонентата:
- Очекувани исходи или цели што сакате да ги постигнете со оваа компонента.
- Активности во кои сакате да ја ангажирате вашата целна група.
- Цел на специфичните активности и како тие се поврзуваат со очекуваниот исход.

На крајот на активноста треба да имате преглед на компонентите што сакате да ги вклучите во вашата нова или надградена активност за едукација на наставниците.

## АКТИВНОСТ 4.2: СРЕДСТВА ЗА ВИЗУАЛИЗАЦИЈА И КОНТЕКСТИ

*Преглед:*

***Цел:***
- Испитување на методите и на пристапите што сакате да ги користите за идентификуваните компоненти
- Дефинирање на вкупните методи и пристапи што може да се користат со оглед на вашата специфична ситуација

***Фокус на активноста:***
- Средства со кои сакате да ги постигнете резултатите (“Како”)
- Контекст во кој сакате да ги постигнете резултатите (“Каде”)

***Материјали и методи:***
- Резултати од Активноста 4.1 (Компоненти)
- Информации дадени во Дел 3 (Рамка за развој на инклузивната практика) како референција

***Дополнителни информации:***
- Европска фондација за обука (2011) Извештај Наставници за иднината: Развој на наставниците за инклузивно образование на Западен Балкан

*Информации за корисниците*

Во Активноста 4.1 сте развиле компоненти што сакате да ги вклучите во вашата активност за едукација на наставниците. Ако досега не сте го направиле тоа, сега треба да ги разгледате методите или алатките што сакате да ги користите, како и контекстот, условите или опкружувањата во кои ќе работите во иднина. Со други зборови, сега ќе ги разгледате прашањата “како” и “каде” во однос на вашата идна активност за едукација на наставниците. Ова ќе ви помогне да добиете поцелосно разбирање на вашата идна практика. Ова е важен дел од вашиот процес на визуализација: Визуализацијата на начинот на кој ги постигнувате целите е еднакво важна како и визуализацијата на самите цели или исходи.

Со дополнување со информации за методите и за опкружувањата што сакате да ги користите или да ги креирате за вашите нови активности за едукација на наставниците, вие креирате целосна визуализација на вашите нови практики.

*Опис на активноста*

**Чекор 1: Испитување на методи, пристапи и на контексти за компонентите**

Во Активноста 4.1 сте ги идентификувале компонентите што сакате да ги вклучите во вашата идна активност за едукација на наставниците. Сега ќе ги поставите прашањата "како" (методи, стратегии) и "каде" (контекст, инфраструктура, опкружување). За секоја од компонентите на вашата идна практика за едукација на наставниците, кои се развиени во Активноста 4.1, сега треба да ги дефинирате следниве параметри:

- Која е најдобрата сеопфатна стратегија за ангажирање на вашата целна група (на пример, читање литература, практика на набљудување, пишување трудови, работа на студии на случај, заедничко учење со колеги, изработка на задачи, интеракција со семејства или со деца итн.)?
- Кои се сеопфатните методи или алатки што се потребни за извршување на активностите што се планирани во вашите компоненти?
- Каде или во какво наставно опкружување сакате да ја спроведувате активноста (контекст)?
- Каква инфраструктура ви е потребна за да ги спроведете активностите од компонентите?
- Кои партнери или општествена средина ви се потребни за да ги спроведете активностите од компонентите?

**Чекор 2: Дефинирање на методи, пристапи и на контексти за компонентите**

Откако сте одговориле задоволително на сите прашања од чекор 1, овие информации може да им ги додадете на информациите за компонентите добиени со Активноста 4.1. Сега сте ја збогатиле листата на компоненти не само со тоа што сте го вклучиле описот на компонентите, туку и со тоа што настојувате да постигнете со нив и како сакате да работите во рамките на овие компоненти.

## АКТИВНОСТ 4.3: РАЗВОЈ НА НОВИ СПЕЦИФИКАЦИИ

*Преглед:*

***Цел:***
- Развивање можни спецификации за вашата нова активност за едукација на наставниците
- Дефинирајте ги вашите нови спецификации со поврзување на "Што", "Зошто", "Како", "Каде" и "Кој"

***Фокус на активноста:***
- Компоненти, вклучувајќи и креирање цели, активности, методи и пристапи, контексти и опкружувања
- Нови спецификации што треба да се користат

***Материјали и методи:***
- Резултати од активностите 4.1 и 4.2
- Обрасци на Моделот на активност за утврдување нови спецификации
- Самолепливи ливчиња

***Дополнителни информации:***
- Модули на УНИЦЕФ Обучете ги инструкторите за инклузивно образование
- Европска фондација за обука (2011) Извештај Наставници за иднината: Развој на наставниците за инклузивно образование на Западен Балкан

*Информации за корисниците*

Цел на оваа активност е да се изработат и да се дефинираат нови спецификации за секоја од компонентите што сте ги изработиле во активностите 4.1 и 4.2. За оваа цел треба да го користите моделот на активност бидејќи тоа има неколку предности. Графичкото претставување ги олеснува дискусијата и "бурата од идеи" во тимови, информацијата е попристапна отколку во документ со текст и промените може да се прават лесно, особено ако користите самолепливи ливчиња заедно со големата верзија на моделот на активност (нацртан на флип-табла или прожектиран на ѕид).

Исто така, активноста го привлекува вашето внимание и вниманието на вашите колеги како носители на идната едукација на наставниците ("кој"). Со други зборови, вие треба да вклучите спецификации и за вас (видете го и графиконот изработен во Активноста 3.2).

Откако образецот за моделот на активност е пополнет за секоја компонента на вашата идна активност за едукација на наставниците, може да проверите дали спецификациите се изводливи и заемно усогласени. На пример, ако сакате наставниците да ја развијат својата способност за поддршка на сите ученици и планирате да ги научите како да пишуваат индивидуален образовен план, постои неусогласеност што треба да ја решите. Пишување индивидуален образовен план не е исто што и обезбедување поддршка за учење. Рамката за инклузивни практики може да се користи како референција и да ги нагласи празнините во спецификациите на секоја компонента на идната активност за едукација на наставниците.

*Опис на активноста*

| **Дефинирање на спецификациите на вашата усовршена активност за едукација на наставниците** |
| --- |
| Ве молиме да ја разгледате вашата визуализација на компоненти и на средства. Добар начин да се направи тоа, всушност, е да се користи образец на модел на теоретска активност и да се пополнат сите релевантни информации. Ова може да го направите посебно за секоја компонента што сте ја дефинирале, но, исто така, важно е да го направите и за вашата севкупна доусовршена практика. Ова ќе вклучи ваши одговори на следниве прашања:<br><br>− Вкупни цели што треба да ги постигнете (зошто)? Исходи од учењето, достигнувања, промени на ставовите, вештините и знаењата, компетенции и дејности.<br>− Со што сакате да биде ангажирана вашата целна група? Содржина, фокус на вниманието, активности.<br>− Кои се вкупните методи, пристапи што ќе ги примените за да ја ангажирате целната група (како)?<br>− Кој контекст треба да го примените или да го креирате за да го олесните учењето (каде)?<br>− Дали сте подготвени да се ангажирате со вашата целна група на овој начин (кој)? Потреба за промена, подготовка, стекнување вештини и знаење итн. за вас.<br><br>Разгледајте го пополнетиот модел за активност и уверете се дека не постојат контрадикции и дека е изводливо тоа што настојувате да го постигнете!<br>Разгледајте го пополнетиот модел за активност и уверете се дека практиката што сте ја развиле е во согласност со принципите на инклузивното образование!<br>Приспособете ако е потребно и запишете ги резултатите од оваа активност во формат што ви е корисен за да ја изградите вашата нова практика за едукација на наставниците во следниот дел. |




*Слика 5: Образец на модел на активност за развој на нови спецификации*

## 5. Стратегии и методи: Изградба на нова практика за едукација на наставниците

### АКТИВНОСТ 5.1: ДЕФИНИРАЊЕ АКТИВНОСТИ И ЦЕЛИ ЗА КОМПОНЕНТИТЕ

*Преглед:*

***Цел:***
- Разложување на информациите за компонентите во различни активности и цели
- Организирање на содржината за да се исполнат институционалните барања

***Фокус на активноста:***
- Резултати од Активноста 4.3 и кои било други информации што се генерирани за содржината
- Активности и цели во рамките на секоја компонента

***Материјали и методи:***
- Материјалите и методите ќе зависат од институционалните или од организациските барања

***Дополнителни информации:***
- Модули на УНИЦЕФ Обучете ги инструкторите за инклузивно образование

*Информации за корисниците*
Почнувајќи со визуализација на пошироките цели и исходи, вие сте ги развиле компонентите на вашата идна практика за едукација на наставниците. Овие компоненти, најверојатно, сè уште се многу општи и треба да се разложат во активности. Активностите што прават една компонента ќе бидат поврзани со целите што се значајни за постигнување на вкупните цели и исходи. Да се биде способен да се напише индивидуален образовен план е само една од неколкуте цели што треба да се постигнат и таа, сама по себе, не е доволна за да обезбеди инклузивна практика.

Оваа активност се однесува на разложувањето на опсежните компоненти (претставени во моделот на активност) на активности во кои ќе бидат вклучени студентите за наставници, учесниците во работилницата или инструкторите во програма за обука. Како пример за тоа како може да се направи

ова, проверете ги модулите на УНИЦЕФ Обучете ги инструкторите за инклузивно образование. Секој од трите модули е поделен на различни единици, а секоја единица е составена од неколку активности што испитуваат различни аспекти или елементи на инклузивните практики во училиштата.

Ако вашата визуализација на компонентите е многу детална, можеби овде ќе биде потребна мала доработка. Ако доусовршувате студиска програма, компонентите што ќе бидат развиени во последниот дел ќе бидат премногу опсежни за да ја опишат задоволително вашата усовршена активност или вашата нова активност за едукација на наставниците. Во Активноста 4.3 сте развиле сеопфатни спецификации за секоја компонента што беше насочувано со оваа алатка или со други информации за инклузивното образование. За подетален приказ на тоа што ќе правите во иднина ќе треба да ги разгледате практиките и прописите на институциите или на организациите што ќе учествуваат. Голем број универзитети и педагошки факултети утврдиле како треба да изгледа студиски план, опис на модул или наставен план.

Форматот за документирање на исходите од оваа активност ќе мора вие да го дефинирате за да обезбедите тој да одговара на барањата што треба да ги исполните во вашата конкретна ситуација. Ова ќе зависи од институцијата или од организацијата за која работите и од дополнителните барања дефинирани од трети страни, на пример, владини агенции одговорни за акредитација или за надзор.

*Опис на активноста*

| **Разложување на компонентите во активности** |
|---|
| За оваа активност ви се потребни новите спецификации за компонентите развиени во Активноста 4.3. Тие беа изградени за општите цели и исходи што настојувате да ги постигнете. Овие општи цели треба да бидат разложени на посебни цели што ќе може да се постигнат така што вашата целна група ќе се ангажира во активностите. Овие цели и активности што се планира да се постигнат се можни основни елементи на вашиот курс, модул, работилница или програма.<br><br>Активностите претставуваат јасни можности за учење во кои се вклучува вашата целна група за да ги исполни посебните цели. Целите треба да придонесат за постигнување на вкупните цели наведени во некоја компонента. Активноста може да се развлече повеќе недели или може да се изврши за неколку часа. Елементите од моделот на активност се корисни за да размислите и да дефинирате како очекувате да се вклучи целната група.<br><br>Во овој момент обидете се да ги разложите вашите компоненти во различни активности користејќи го моделот на активност, ако е од помош. Како резултат треба да имате барем листа на активности организирани според компонентите. Ако е потребно, размислите за ревидирање на компонентите. |

## АКТИВНОСТ 5.2: ДЕФИНИРАЊЕ НА МЕТОДИТЕ И НА ОПКРУЖУВАЊЕТО

*Преглед:*

***Цел:***
- Поврзување на сите информации за да се дефинира детална методологија
- Организирање на методологијата земајќи ги предвид институционалните барања

***Фокус на активноста:***
- Резултати од Активноста 4.3 и сите други информации што се генерирани за методите и за опкружувањето
- Методи и опкружување во рамките на секоја компонента

***Материјали и методи:***
- Материјалите и методите ќе зависат од институционалните или од организациските барања

***Дополнителни информации:***
- Модули на УНИЦЕФ Обучете ги инструкторите за инклузивно образование

*Информации за корисниците*
Следниот чекор што треба да го преземете е да ги претворите информациите за средствата и за контекстите развиени за компонентите во подетални информации за методите и за опкружувањата што се соодветни за предвидените активности. Ако вашата визуализација на средствата и на контекстите (Активност 4.2) значително е детализирана, можеби овде нема да биде потребна голема дополнителна работа.

Повеќето од точките поставени во претходната активност (5.1) важат и овде, на пример, потребата да се разгледаат насоките и спецификациите што се релевантни за вашата институција или организација. На пример, ако работите во контекст на универзитет, ќе постојат одредени ограничувања за тоа колку навистина можете да ги смените тековните практики. Ќе биде потребно на специфичен начин да презентирате нов студиски план, опис на модул или развоен план за вашето училиште. За оваа цел можете да ги земете новите спецификации што сте ги развиле во Дел 4 (ваша визуализација на новата практика) и да ги направите поконкретни, а со тоа да ги исполните барањата на опкружувањето во кое работите. Можеби веќе сте ги разгледале методите и пристапите како дел од Активноста 5.1 и во тој случај не мора да додавате нови информации. Само проверете дали сè е усогласено.

Форматот за документирање на исходите од оваа активност ќе мора вие да го дефинирате за да обезбедите тој да одговара на барањата што треба да ги исполните во вашата конкретна ситуација. Ова ќе зависи од институцијата или од организацијата за која работите и од дополнителните барања што се дефинирани од трети страни, на пример, владини агенции одговорни за акредитација или за надзор.

*Опис на активноста*

**Додавање методи и опкружувања на вашите активности**

Исходот од Активноста 5.1 треба да биде структуриран список (на пример, компоненти, единици, активности) на она што ќе го правите во вашата идна активност за едукација на наставниците. Ако сè уште не сте размислувале многу за методите или за алатките што се користат во овие активности или за опкружувањето во кое тие се извршуваат, сега е моментот да го направите тоа.

Размислете за секоја активност што сте ја навеле во списокот и развијте идеи за тоа како тие би можеле да бидат испланирани за да може најдобро да ја постигнат наведената цел. На тој начин развивате практики во кои ќе ја вклучите вашата целна група. Размислете за начините да вклучите иновативни методи (на пример, учење преку соработка) и опкружувања (студиски посети) или за начините за нивно комбинирање (на пример, пристап на отворена училница, микроучење).

## АКТИВНОСТ 5.3: ПОВРЗУВАЊЕ

*Преглед:*

***Цел:***
- Поврзување на сите информации за да се опише вашата идна активност за едукација на наставниците
- Дефинирање на ресурсите за спроведување на оваа активност за едукација на наставниците

***Фокус на активноста:***
- Студиска програма или наставен план
- Потребни ресурси

***Материјали и методи:***
- Материјалите и методите ќе зависат од институционалните или од организациските барања

***Дополнителни информации:***
- Модули на УНИЦЕФ за инклузивно образование

*Информации за корисниците*
Оваа активност, всушност, се однесува на поврзување на сè за да се изгради вашата идна активност за едукација на наставниците, вклучувајќи ги и потребните ресурси.

Можеби ќе сакате да ги разгледате модулите на УНИЦЕФ Обучете ги инструкторите за инклузивно образование како пример за тоа како може да се организираат и да се презентираат релевантните информации. Кога ќе ги презентирате информациите за вашата нова активност за едукација на наставниците, најверојатно ќе мора да ги исполните барањата на вашата институција или организација. Ако вашата активност за едукација на наставниците треба да биде акредитирана за да биде признаена или да добие пристап до финансирање, ќе треба да го следите форматот и да ги вклучите потребните информации.

Откако ќе го комплетирате прегледот на тоа што ќе го работите во вашата усовршена или нова активност за едукација на наставниците, ќе ги имате сите потребни информации да ги разгледате веројатните трошоци. Инструкторите или едукаторите на наставниците ќе треба да се платат, ќе треба да се најми простор каде што ќе се спроведува активноста за едукација на наставниците, ќе има трошоци поврзани со потребните материјали, а веројатно и за други професионални работници вклучени во одредени активности. Ако обуката вклучува професионални работници со наставни обврски, можеби ќе треба да се покријат и трошоците за заменските наставници.

## 6. Имплементација, процена и повратни информации: Реализација на новата практика за едукација на наставниците

### АКТИВНОСТ 6.1: РАЗВОЈ НА ПЛАН ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

*Преглед:*

***Цел:***
- Размислување за чекорите што се потребни за имплементација на новата практика
- Размислување за ресурсите што се потребни за имплементација

***Фокус на активноста:***
- Временски распоред и значајни точки во имплементацијата
- Ресурси што се потребни за имплементација
- Потреба од изградба на капацитети (вие и вашите колеги, други партнери)

***Материјали и методи:***
- Треба да се дефинираат од корисникот

*Информации за корисниците*
Сега кога сте ја развиле новата активност за едукација на наставниците, мора да размислите како ќе ја претворите во реалност. Најверојатно во вашата организација, универзитет или училиште ќе постојат постојни практики за имплементација. Погрижете се планот за имплементација да има реален временски распоред и размислете за сите ресурси што се потребни за имплементација. Вашата активност за едукација на наставниците можеби ќе треба да биде вклучена во стратегискиот план на вашата организација за да се обезбедат неопходната институционална поддршка и ресурси.

Доусовршувањето на постојната практика или имплементирањето нов наставен план секогаш повлекува нови трошоци. Можеби ќе треба да се ажурираат интернет-страниците, да се изработат или да се ревидираат наставните материјали или материјалите за учење, да се отпечатат нови брошури или да се организираат настани за да се информира вашата целна група за новата можност за едукација на наставниците.

Исто така, треба да размислите и за човечките ресурси што се потребни за имплементацијата. Можеби ќе треба да инвестирате во изградба на капацитети за да обезбедите успешна имплементација на вашата нова активност за едукација на наставниците. Можеби ќе биде потребно вие или вашите колеги да се здобиете со нови способности, а вашите партнери за соработка во училиштата, министерствата или невладините организации можеби ќе имаат потреба од обука. Критичка оцена на способностите на некое лице како инклузивен практичар претставува етичка обврска на едукаторите на наставниците. Рамката за инклузивни практики (Дел 3) е валидна и за едукаторите на наставниците, а не само за наставниците.

## АКТИВНОСТ 6.2: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИТЕ УСЛОВИ

*Преглед:*

***Цел:***
- Размислување за условите што се потребни за успешна имплементација
- Размислување за партнерствата што се потребни за успешна имплементација

***Фокус на активноста:***
- Политички или законски предуслови и потенцијална потреба за промена
- Професионални предуслови и потенцијална потреба за промена
- Финансиски предуслови и потенцијална потреба за промена

***Материјали и методи:***
- Треба да се дефинираат од корисникот
- СВОТ-анализа

***Дополнителни информации:***
- Европска фондација за обука (2011). Извештај Наставници за иднината: Развој на наставниците за инклузивно образование на Западен Балкан

*Информации за корисниците*
Ниедна активност за едукација на наставниците не е одржлива ако не е поддржана политички, професионално и финансиски. Поради тоа е важно да се размисли за достапните ресурси и како тие да се прошират, ако е потребно тоа. Ова може да значи барање нови партнери или воспоставување стратегиски врски со постојните партнери.

Политичките и законските предуслови може да вклучат тековни процеси за акредитација, барања за сертификација на наставниците и закони што се релевантни за професионалниот развој на наставниците. Ќе биде важно да се разјасни како вашата наставна активност се вклопува во ова и како може да бидете сигурни дека достигнувањата на учесниците се формално признаени како такви.

Професионалните предуслови може да вклучат положба на асоцијациите на наставниците или на кои било други заинтересирани страни со силно влијание врз дефинирањето на професионализмот на наставниците и врз описот на работното место. Овие заинтересирани страни треба да ги поддржат инклузивното образование и визијата за професионализмот на наставниците во согласност со инклузивното образование. Можеби ќе сакате да вклучите и размислувања за етиката и минимални барања за да го постигнете статусот на инклузивен наставник.

Ќе биде потребно да ги документирате релевантните информации, или во планот за имплементација или во посебен документ. Ако не постојат други мерки иницирани за реализација на инклузивното образование, можеби вашата активност за едукација на наставниците нема да биде одржлива.

Еден од начините за анализирање на состојбата во вашиот регион или држава е да се направи СВОТ-анализа. За дополнителни информации за овој метод видете ги ресурсите што се достапни на интернет.

## АКТИВНОСТ 6.3: АДМИНИСТРИРАЊЕ, ОЦЕНА И ДОБИВАЊЕ ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

*Преглед:*

***Цел:***
- Реализирање на усовршена активност за едукација на наставниците

***Фокус на активноста:***
- Нови практики на активноста за едукација на наставниците
- Проблеми што се појавуваат во текот на имплементацијата
- Гледишта и ставови на други

***Материјали и методи:***
- Треба да се дефинираат од корисникот

*Информации за корисниците*
Откако целосно ќе ја имплементирате новата активност за едукација на наставниците, треба да се изврши екстерно оценување, но вие ќе треба да го следите напредокот на вашата нова активност за едукација на наставниците уште во текот на имплементацијата. Важно е да воспоставите дијалог со учесниците, но генерално и со вашата целна група за да разберете подобро што функционира или не функционира и каде може да се појави потреба за ревизија или за подобрување. Ако усовршувате програма или воведувате нова магистерска програма или каков било друг долгорочен курс за обука, можеби ќе сакате да размислите за развој на план за мониторинг и оценување.

## Дел 3:

Рамка за инклузивните практики

# Рамка за инклузивните практики

## 1. Фокус на практиката

### ОСНОВЕН МОДЕЛ НА АКТИВНОСТИТЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Суштина на рамката на инклузивното образование е моделот на активност што беше воведен во Дел 2 од оваа алатка. Наставниците и едукаторите на наставниците се вршители или субјекти и во нивните очи оваа алатка се однесува на образовната практика. Вкупната активност на наставниците е ориентирана кон ученикот. Уверувањата и способностите на наставниците влијаат врз нивната перцепција за ученикот и на нивните активности и интеракции со учениците. Најважна алатка на наставниците им е наставниот план. Овде наставниот план се користи како општ термин за содржините, целите и за стратегиите што се применуваат на наставата и на учењето. Тој ги опфаќа сите последователни активности на наставата и интеракциите во училницата, со цел да се исполнат образовните цели што наставникот, училиштето или образовниот систем настојуваат да ги постигнат. Контекст на активностите на наставниците, главно, е училницата, но тоа се и други простори во училиштето и во заедницата. Наставниците треба да креираат можности за учење во училишната средина. Овие компоненти може да се претставаат во моделот на активност:




*Слика 6: Практика на наставниците и на едукаторите на наставниците*

Овој модел може да се примени како на активностите за едукација на наставниците, така и на активностите на наставниците и помага да се анализира практиката на едукаторите на наставниците и на наставниците во училиштата. Во ситуација кога се применува на активностите за едукација на

наставниците, наставникот може да биде професор на универзитет, член на педагошки факултет, консултант на владина или на невладина организација, претставник на министерство или кој било друг што на себе ја презема улогата на едукатор на наставниците или ментор на други наставници. Учениците може да бидат студенти за наставници, наставници-почетници или училишни тимови. Наставниот план може да биде утврден како студиска програма или опис на работилница и може да содржи изјави за содржината, целите или за очекувањата на резултатите што се користат за развој на нивните способности. Физичкиот контекст може да биде универзитетско опкружување, сала за состаноци, училиште или училница; општествениот контекст е заедница или организација. Во ситуација кога се применува на активностите на наставниците, наставникот може да биде воспитувач во градинка, наставник во основно или во средно училиште или наставник во стручно училиште што работи во локални училишта. Учениците се деца или студенти на која било возраст. Одговорно владино тело (на пример, национално министерство за образование) донесува наставен план и го дефинира типичниот контекст во кој се одвива образованието (на пример, локално училиште, клас, големина на училница, итн.). Училишната култура, односи и вредности го сочинуваат општествениот контекст на училиштето.

Моделот на активност помага да се фокусираме на практиката, на тоа како различни работи мора да се поврзат за да се креира инклузивна практика. Исто така, моделот помага подобро да се разбере што е потребно за да се биде инклузивен практичар. Инклузивното образование настојува да го подобри учењето за сите деца и младинци преку унапредување на способностите на наставниците, обезбедувајќи тие да бидат способни да го применуваат наставниот план во контекст што го промовира учењето за сите ученици. Заедничка цел на наставниците е да ги обединат учениците, наставниот план и контекстот во обезбедувањето квалитетно образование и постигнувањето позитивни резултати.

## РАМКА ЗА ИНКЛУЗИВНИ ПРАКТИКИ ВО УЧИЛИШТАТА

Инклузивното образование не е ништо друго, туку квалитетно образование за сите и, според тоа, инклузивните практики не се разликуваат од првокласните практики. Активностите за едукација на наставниците со кои се настојува да се подобри практиката на наставниците треба да бидат водени од визијата за исклучителни инклузивни практики во училиштата. За оваа цел беше изработена рамка за инклузивни практики: да се обезбеди визија што ќе може да го води развојот или иновациите. Таа го користи моделот на активност како структура со која на јасен начин се обединуваат доказите за добра практика. Сите активности на наставниците треба накрај да придонесат кон главните цели на инклузивните практики. Крајна цел е да се обезбеди сите ученици да имаат пристап до училиштата и до наставниот план, да бидат во можност да учествуваат и да учат, а со тоа да бидат во можност да постигнат и успешно да преминат во повисоко образование, работа и, генерално, во одговорен и исполнет живот на возрасен. За да се постигне оваа цел, наставниците мора да го користат наставниот план како алатка за да го трансформираат капацитетот за учење на учениците, но не како нешто што треба да се предава со строго придржување кон распоредот. Контекстите креирани од наставниците треба да бидат лесно прифатливи за децата, да овозможуваат средина што го олеснува учењето и учеството на сите деца и млади. Самите наставници треба да станат компетентни инклузивни практичари што се способни да го трансформираат капацитетот за учење низ наставниот план и да креираат општествена и физичка средина што обезбедува пристап, учество, учење и остварувања за сите ученици. Моделот на активност на инклузивните практики ги обединува овие квалитети:




*Слика 7: Практика на инклузивните училишта*

За да се оствари инклузивна практика (макроперспектива), наставниците треба да се ангажираат во четири специфични практики (мезоперспектива) поврзани во четирите компоненти (наставник, ученик, наставен план, контекст) на моделот на активност. Наставниците не се инволвирани само со учениците. Важен дел на нивната практика е ориентиран кон наставниот план, на пример, кога тие го разложуваат на неделни активности, кога изработуваат работни листи или кога подготвуваат испити. Исто така, наставниците трошат значително време на креирањето безбеден контекст што нуди можности, на пример, кога ја подобруваат средината за учење заедно со стручњаци, кога разговараат со родителите и кога како тим го редизајнираат просторот за рекреација или градат рампи за да го подобрат пристапот за учениците во инвалидски колички. На крајот наставниците трошат време и на развојот на сопствените способности со читање литература, размена на искуства со колеги или со присуство на работилници и сесии за супервизија. Европската агенција за специјални потреби и инклузивно образование изработи профил на инклузивни наставници (2012), користејќи ги овие четири компоненти за да ги дефинира областите на компетенција на инклузивните наставници:

- ***Ученик:*** *Вреднување на различноста на учениците (учениците се лица со право на образование)*
- ***Наставен план:*** *Поддршка за сите ученици (студенти како ученици што му пристапуваат на наставниот план)*
- ***Контекст:*** *Работа со други (соработка и тимска работа за создавање силно опкружување за учење)*
- ***Наставник:*** *Личен професионален развој (наставниците, како и учениците, се одговорни за свое доживотно учење)*

Овие четири области на компетенции се поврзани во четири визии или цели вклучени во моделот за инклузивна практика:

- ***Ученик:*** *Пристап, учество и учење, постигнувања*
- ***Наставен план:*** *Трансформирање на капацитетот за учење*
- ***Контекст:*** *Општествено и физичко опкружување што нуди можности*
- ***Наставник:*** *Компетентен инклузивен практичар*

Како општа референција, рамката за инклузивни практики во училиштата беше развиена врз основа на работата на меѓународни организации, истражувачи и искуство од проектот "Регионална поддршка за инклузивното образование". Во следните делови подетално ќе бидат опишани овие четири практики. За секоја практика се додадени искуства, докази и ресурси за да стекне корисникот подобро разбирање на тоа што бараат овие практики.

## РАЗВОЈ НА ИНКЛУЗИВНИ ПРАКТИКИ НИЗ ИЗГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИ

Инклузивното образование е процес; тоа некогаш се креира низ секојдневните практики поврзани со наставниците, учениците, наставните планови и контексти. Инклузивното образование секогаш е приближно, тоа е нешто што никогаш не се постигнува целосно. Училиштата низ целиот свет се во процес да станат поинклузивни. Тие се во различни моменти од својот развој; некои постигнале многу во една или во две области, но се борат со други. Активностите за образование на наставниците во контекст на инклузивното образование треба да се стремат кон поддршка на процесот училиштата да станат поинклузивни. Активностите за едукација на наставниците придонесуваат кон изградбата на капацитети што се неопходни за да се создадат системи за инклузивно образование. Меѓутоа, не е доволно образованието на поединечни наставници; наставниците мора да ги развиваат своите практики во тимови, нешто што не можат да го научат изолирано. Според тоа, едукаторите на наставниците треба да размислат за контекстот во кој стапуваат во интеракција со своите ученици (на пример, студенти за наставници, наставници) и за методите што ги применуваат во процесот. Понекогаш, изградбата на капацитети подобро се постигнува преку учество во процесите за развој на училиштето. Развивањето на училишната програма може да го смени сфаќањето на наставниците за тоа на што се однесува нивната работа, обезбедувајќи визија на инклузивна практика. Ова ќе влијае врз гледањето на нивната работа и на она што тие настојуваат да постигнат. Изградбата на капацитети се постигнува и низ развој на нови алатки или наставни стратегии. Наставниците и другите професионални работници ќе учат додека ги развиваат своите практики и испробуваат нови пристапи кон наставата. Тие може да се ангажираат во развојот на нови алатки за соработка или за следење на учењето на учениците и со тоа се здобиваат со знаење и со вештини, но и ги зголемуваат својата мотивираност и посветеност. Како резултат се зголемува вкупниот капацитет на училиштата откако ефикасно ќе се применат новите алатки или стратегии .

Овие примери истакнуваат дека изолираната обука на наставниците има свои ограничувања кога е во прашање изградбата на капацитети. Активностите за едукација на наставниците, во најширока смисла, треба да обезбедат можности за учење за развој на компетенциите (способности на субјектот), но и подобро разбирање на она што е важно во практиката на наставникот (објект, цел). Тие треба да помогнат да се развијат алатки и стратегии, исто така, и да се развијат или да се трансформираат опкружувањата во кои работат. Сеопфатната изградба на капацитети ги опфаќа сите компоненти на практиката, не само развојот на способности на поединци. Врз основа на моделот на активност за инклузивни практики, четирите области на компетенции (овде “способности”, општ термин за ставовите, вредностите, вештините и знаењето, компетенциите и дејностите) претставуваат четири практики што им се потребни на училиштата за да станат инклузивни училишта. Овие практики може да се развијат со опфаќање на способностите на субјектот, целите на нивните практики, применетите алатки и стратегии или опкружувањето во кое работат. Следнава табела дава преглед на визиите што би требало да ја водат изградбата на капацитетите за инклузија:

| | *Компетентни инклузивни практичари (наставник)* | *Пристап, учество и учење, постигнувања (ученик)* | *Трансформирање на капацитетот за учење (наставен план)* | *Општествено и физичко опкружување што нуди можности (контекст)* |
|---|---|---|---|---|
| *Фокус на способноста на субјектот* | Личен професионален развој | Вреднување на различностите на учениците | Поддршка за сите ученици | Работа со други |
| *Фокус на предметот и на целите* | Заедници на експерти | Заедници за учење | Флексибилен наставен план | Односи полни со почит |
| *Фокус на алатки и стратегии* | Изградба на заеднички вештини и однесување | Персонализирање на образованието | Унапредување на учењето | Креирање мрежи и партнерства |
| *Фокус на опкружувањето* | Култура на професионално учење | Атмосфера на инклузија | Можности за учење | Управување со образованието |

*Табела 4: Рамка за изградба на капацитети за унапредување на инклузивните практики во училиштата*

Во следните поглавја подетално се опишани четирите практики вклучени во остварувањето на инклузивните практики во училиштата. Рамката што е претставена овде дава ориентација за секој што ќе се вклучи во изградбата на капацитетите за инклузивно образование. Користењето на иста рамка ја олеснува комуникацијата меѓу различните носители, но и меѓу едукацијата на наставниците, училиштата и на другите заинтересирани страни. Ова може да биде важно за да се разјаснат одговорностите за изградба на капацитети во која било област. Различни региони или држави ќе имаат различни уредувања. На пример, изработката на алатки (учебници, материјали за учење, тестови) може да биде во рацете на владини агенции или одговорност на училиштата. Некои образовни системи имаат строги прописи поврзани со наставните планови и спроведуваат испити на национално ниво за да ги оценат резултатите на учениците. Во таквите системи изработката на флексибилен наставен план е тешка, па дури и невозможна и сродните активности за едукација на наставниците ќе имаат слаб ефект врз практиката. Важно е да се запомни дека наставниците имаат клучна улога, но понекогаш изградбата на капацитети мора да се реализира и во други делови од образовниот систем пред да може наставниците да станат инклузивни практичари.

Размислувањето за практиките, а не за изолираните карактеристики на "добрата практика" помага во развојот на системско гледиште на способностите на наставниците и на наставната практика. Тоа што некои наставници не успеваат да станат инклузивни практичари не се должи секогаш (само) на недостигот од компетенции. Често постојат и пречки во нивната работна средина што се резултат на спротивставените цели што тие треба да ги постигнат (на пример, да подучуваат различни групи деца наместо да спроведуваат нефлексибилен наставен план). Оваа рамка помага да се истакнат ваквите притисоци и контрадикции во практиката на наставниците и да се развие сфаќање за тоа како може да се решат. Способноста да се препознаат спротивставените практики (поддржување на учениците наспроти нивно оценување со негативна оценка на испитите на крајот на годината) е прв чекор кон пронаоѓање решение. Во овој случај, овој проблем не може да се реши низ едукација на наставниците, туку повеќе низ промена на законодавството што овозможува наставниците да го поддржат учењето на различни нивоа на постигнувања без исклучоци. Рамката помага да се развие пошироко гледиште за изградба на капацитети со надеж дека ова може да го стимулира читателот да размисли за иновативните пристапи за унапредување на развојот на инклузивното образование.

# 2. Инклузивни практики што се однесуваат на професионализмот

## КОМПЕТЕНТНИ ИНКЛУЗИВНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ РАБОТНИЦИ

*Преглед*

Професионалните работници во училиштата и во другите образовни средини, кои сакаат да станат инклузивни практичари, имаат способност да се вклучат во својот професионален развој, но повеќе е потребно да се вклучат во практиките чија цел е развој на професионализмот на наставниците. За да станат компетентни, инклузивните професионалци, членовите на персоналот на некое училиште или на сите училишта во заедницата треба да создадат заедници на експерти, каде што искуствата се споделуваат и се користат за учење со колеги, каде што луѓето се чувствуваат добро и стануваат помотивирани и каде што може да биде развиено заедничко дејствување што го движи училиштето напред. За да се постигне ова, потребно е да се развијат заеднички вештини и однесување што помагаат персоналот да се вклучи во заеднички практики. Плановите за развој на училиштето, заедничката инфраструктура, заедничкиот професионален јазик и концепти или заедничките алатки за комуникација се само неколку примери. Исто така, ќе биде неопходно сите учесници да изградат култура на професионално учење. Ова значи создавање средина или контекст што го олеснува учењето на наставниците; инклузивните училишта стануваат организации за учење. Професионалниот развој станува дел од континуираниот процес на адаптација и средство за трансформација.




*Слика 8: Практика за создавање компетентни инклузивни професионалци*

*Фокус на способностите: Личен професионален развој*
Инклузивните практичари разбираат, прифаќаат и го поздравуваат тоа што да се стане инклузивен практичар претставува процес што се протега низ целиот нивни професионален век. Тие се активно ангажирани во учењето, а не само во наставата. Тие користат различни пристапи во професионалниот развој, како што се консултации, подучување, присуство на предавања, конференции или работилници, но, исто така, користат и отворени училници, учење со колеги и менторство. Станувањето инклузивен практичар е процес без крај што бара размислување, критичко оценување на сопствените дејства и подготвеност да се придонесе во учењето на другите. Ова вклучува и да се стане носител на индивидуалното и на колективното учење за да се прошируваат ставовите, вредностите, вештините и знаењата, компетенциите низ личен професионален развој. За дополнителни детали видете го профилот на инклузивните наставници (Европска агенција, 2012).

*Фокус на објектот и на целите: Заедница на експерти*
Наставниците треба да излезат од својата изолација и да работат со другите: ова е неопходен чекор кон тоа да се стане навистина компетентен инклузивен професионалец. Според тоа, овде важна цел е развивањето заедничка практика со другите. Ова најдобро се постигнува со активна работа во насока на визијата да се стане заедница на експерти. Во заедницата на експерти професионалците учат низ споделување на своите искуства и работа кон заедничката цел да станат компетентни инклузивни професионалци. Инклузивните професионалци се занимаваат со различни мислења, компетенции, аспирации или стилови на комуникација и максимално ги искористуваат за да ја подобрат практиката. Во заедницата на експерти секој професионалец е вреднуван, почитуван и сослушан и знае дека секој може да даде придонес кон развојот на професионализмот на наставниците.

*Фокус на алатки и стратегии: Градење заеднички вештини и однесување*
За да се стане заедница на експерти, ќе биде неопходно секој во тимот, училиштето или во заедницата да соработува ефективно и ефикасно. За да се постигне ова и да се зајакне заедницата на експерти, треба да се изградат заеднички вештини и однесување за потребите на интеракција, комуникација и соработка. На пример, заедничкиот јазик е силна алатка за заедничката работа и за зголемувањето на ефективноста на вашата соработка. Како заедница на професионалци што работат на подобрување на вашите заеднички вредности, вештини и знаења, вашите компетенции и вашите дејности, потребни ви се алатки, како што се развојни планови или процедури на училиштето, за да се одржуваат ефикасни состаноци на тимот со цел да има професионален развој. Дел од заедничките вештини и однесување, исто така, претставуваат заедничките пристапи кон развојот на тимот, на пример, со користење надзор или други методи за професионална размена. Овде може да се вклучат и заеднички методи за планирање проекти, отворени часови или други пристапи за заедничко учење со колеги.

*Фокус на контекстот: Култура на професионално учење*
Ако практичарите треба да станат инклузивни практичари во тим на професионалци, ќе им биде потребна средина што ги поддржува нивните напори да станат попрофесионални. Професионалните практичари мора да бидат способни да работат во средина што гледа на грешките како на можности за учење, а не како на недостиг на професионализам. На наставниците се гледа како на ученици во секоја фаза од нивниот професионален развој. Инклузивните училишта се способни да креираат култура на професионално учење и да се ангажираат во учењето како организација. Мора да постои силно водство што е способно да го води овој процес и да иницира неопходни организациски промени за да го олесни учењето во тимови и индивидуално. Практичарите мора да развијат разбирање за училиштето како целина или како систем, а тоа ќе се промени само со промена на нивната сопствена практика – синхронизирано со другите. Училиштата што учат се способни да се менуваат и да еволуираат како резултат на ова. Тие може да ја сменат нивната управувачка структура, нивната организација и процедури за да креираат средини што го олеснуваат професионалниот развој на наставниците и на другиот персонал.

## РАЗВОЈ НА СПОСОБНОСТИ ДА СЕ СТАНЕ КОМПЕТЕНТЕН ИНКЛУЗИВЕН ПРОФЕСИОНАЛЕЦ

*Професионален развој во три фази*
Во следната табела е даден преглед на она што може да се очекува од инклузивните практичари во три фази на професионалниот развој:

| **Компетентни инклузивни практичари** | Почетна едукација на наставниците | Континуиран професионален развој | Едукација за ментори, раководители и за вршители на промени |
|---|---|---|---|
| Развивање на сопствениот професионализам | Способност да се преземе идентитетот на инклузивниот наставник | Способност да се размислува и да се развива практиката | Способност да се креира и да се трансформира практиката |
| Заедница на експерти | Способност да се учествува во заедницата на експерти | Способност да се развиваат заедници на експерти | Способност да се трансформираат заедниците на експерти |
| Изградба на заеднички вештини и однесување | Способност да се користат постојните заеднички вештини и однесување | Способност да се развиваат заеднички вештини и однесување | Способност да се трансформираат заедничките вештини и однесување |
| Култура на професионално учење | Способност да се придонесе кон културата на професионално учење | Способност да се развива културата на професионално учење | Способност да се трансформира културата на професионално учење |

*Табела 5: Нивоа на способност во текот на професионалниот развој: професионализам*

*Практични примери и идеи од наставниците вклучени во проектот "Регионална поддршка за инклузивно образование" по сесија на "бура од идеи"*

- Лична благосостојба, способност за справување со стрес;
- Наставници како вршители во сопственото учење;
- Наставници како ефективни практичари, вклучувајќи ги и позитивните ставови кон себе, самоефикасност;
- Свест за состојбата, а не ненамерно слепило;
- Комбинирање на практичната работа со теоретската работа;
- Наставниците се рефлексивни практичари што имаат свест за состојбата, метакогнитивни вештини, критичко самооценување;
- Подготвеност на наставниците да учат од други и да се ангажираат во учењето со колеги;
- Менторство на колеги;

- Размена на искуства меѓу колеги (на пример, студиски посети, отворени часови, заеднички активности, учење со колеги);
- Мешани класови за ангажирање во тимска настава и учење едни од други;
- Почнување со “микротим” на мотивирани наставници, потоа споделување искуства со други за да се смени постепено нивниот став за соработка;
- Користење на планирање на училишниот развој за да се развие заедничка визија на инклузивното образование во училиштата;
- Имплементирање процедура на самооценување како основа за развој на документи за политиките на училиштето;
- Надминување на тешкотиите со воспоставување училишни процедури за планирање индивидуално образование;
- Креирање база на податоци на добра практика и материјали и нивно споделување со колегите.

*Примери на добри практика надвор од проектот*

- “*How Good is Our School*?” (*“Колку е добро нашето училиште”)* претставува низа на индикатори за самооценување на училиштата, организирано во рамката за квалитет што истовремено е и рамка што се користи во опкружувањето во почетните години, од образовните власти и од службите за деца. Способноста да ја оцените сопствената практика е важен прв чекор кон професионализацијата. Информациите се достапни на: http://www.educationscotland.gov.uk/resources/h/genericresource_tcm4684382.asp;
- International Teacher Leadership Project (Меѓународен проект за лидерство на наставници). Информациите се достапни на: http://www.teacherleadership.org.uk/the-itl-initiative.html;

*Референции и дополнителни информации*

- Schools that learn (Училишта што учат) (Senge 2012);
- Becoming a Reflective Practitioner (Како да се стане рефлексивен практичар) (Schön, 1983);
- Teachers leading change. Doing Research for school improvement (Наставници што ги предводат промените. Истражувања на подобрување на училиштата) (Durrant & Holden, 2006);
- Creating communities of practice (Создавање заедница на експерти) (Lave and Wenger, 1991).

# 3. Инклузивна практика поврзана со учениците

## ПРИСТАП, УЧЕСТВО И УЧЕЊЕ, ПОСТИГНУВАЊА

*Преглед*

Професионалните работници во училиштата и други образовни средини што сакаат да го унапредат пристапот, учеството, учењето и постигнувањата на сите нивни студенти или ученици треба да бидат способни да ја вреднуваат различноста на учениците. Но во практиките што го реализираат правото на секое дете или младинец на образование потребно е повеќе. За да се постигне ова, сите деца и младинци треба да бидат дел од заедницата за учење – во училницата, во училиштето и во заедницата. Вреднувањето на различноста на учениците во практика, исто така, значи обезбедување атмосфера на инклузивност меѓу учениците, нивните семејства и пријателите. Учениците треба да се ценат меѓу себе, да се почитуваат, да си помагаат еден на друг и да учат еден од друг. Инклузивните училишта се училишта каде што секој е добро прифатен не само од учителите туку од сите. За да се постигне ова, наставниците и другите професионални работници мора да ги користат овие алатки, методите и стратегијата што помагаат да се разбере, почитува и да се поддржи секое дете како личност и како носител на права. Ова се однесува на персонализирањето на образованието за да се обезбеди различностите на учениците да не водат до кршење на нивното право на образование (пристап), нивните права на образование (учење и учество) и да се обезбеди низ нивното образование тие да можат да ги преземат своите права во општеството (постигнување). Персонализирање на образованието значи дека талентите, амбициите и интересите на учениците се земаат предвид и се користат како алатки во креирањето на заедницата за учење.




*Слика 9: Практика на остварување пристап, учество и учење и постигнувања*

*Фокус на способностите: Вреднување на различностите на учениците*
Инклузивните наставници еднакво ги ценат, прифаќаат и ги почитуваат сите деца или младинци во однос на нивното лично право на образование. Тие активно ги поттикнуваат сите деца и младинци да се изразат и да станат активни учесници во заедницата за учење. Разликите во полот, јазикот, потеклото, општествено-економското потекло, физичките и менталните карактеристики, способностите се почитуваат и се користат како ресурси наместо на нив да се гледа како на пречки. Вреднувањето на различностите на учениците, исто така, имплицира вреднување на нивните семејства како значајни учесници во учењето и во развојот и подразбира вреднување на различностите во училишниот тим и во заедницата. Инклузивните наставници носат со себе ставови, вредности, вештини и знаење, компетенции, како и дејности со кои обезбедуваат пристап, учество и учење, како и достигнувања за сите деца и младинци. За детали видете го Профилот на инклузивните наставници (Европска агенција, 2012).

*Фокус на објектот и на целите: Заедница за учење*
За да ги користи овие способности во одредена ситуација, инклузивниот практичар треба да биде способен да креира визија за пристап, учество и учење, како и остварувања за сите деца и младинци и да утврди цели за нивно постигнување. Со целите е опфатена различноста на учениците во училницата, со цел тие да се обединат во заедница на ученици. Во заедницата секој ученик е добредојден, почитуван и дадена му е неопходна поддршка за да биде во состојба да учествува, учи и да постигнува резултати. Разликите се користат како предности, така што се дозволува различноста на гледиштата и талентите да придонесува во вкупното учење на групата. Вниманието на наставниците не е насочено кон индивидуални ученици, туку кон заедницата за учење што ја сочинуваат сите нејзини ученици. Во заедницата за учење сите ученици може да го најдат своето место и кога сите ученици би биле исти, тоа би била заедница без смисла – бидејќи различни деца или младинци не би можеле да си помогнат заемно во учењето.

*Фокус на алатките и стратегиите: Персонализирање на образованието*
Важна алатка за креирање на заедниците на ученици е персонализацијата на образованието. Ова во суштина значи дека учениците не се гледаат само во нивната улога на ученици, туку како личности со сопствени биографии, нивни искуства, способности и аспирации. Тоа се заснова врз претпоставката дека длабокото учење се случува само кога тоа има смисла за лицето и кога е во хармонија со неговиот идентитет и интереси. Персонализирањето на образованието е главна стратегија во постигнувањето децата и младинците да бидат оспособени да ѝ придонесуваат на заедницата на ученици чиј дел се и тие. Ова вклучува користење пристапи, како што се менторство, обучување или водење на учениците

на начин да се зголеми веројатноста за успех (скафолдинг), за поддршка на процесот за учење, но и за поддршка на автономијата заради унапредување на дејноста на учениците. Се дава поддршка на подобрувањето на саморегулацијата, волјата и мотивираноста на учениците на тој начин што се почитува нивниот идентитет. Тоа вклучува давање избори, но и континуирани повратни информации за тоа како напредуваат учениците во нивното образование.

*Фокус на контекстот: Атмосфера на инклузија*
Реализацијата на заедницата на ученици бара средина за учење каде што секој се чувствува ценет и прифатен. Треба да биде развиена атмосфера на инклузија каде што на грешките се гледа како на можности за учење, а постигнувањата се слават како успех на поединци и на групата. Училиштето треба да стане место на доверба и на почитување, каде што учениците и наставниците активно соработуваат за да го унапредат учењето и учеството. Вистинско учење не е можно без заеднички ангажман, без општествена интеракција и комуникација. За унапредување на заедничката ангажираност, инклузивните практичари треба да инвестираат во изградбата на доверба и на почит меѓу учениците и да ги ангажираат во донесувањето одлуки што влијаат врз нивното учество и учење. Овде е во прашање креирањето позитивна клима и клима на прифаќање, поддржување на учениците во решавањето на конфликти и на тензии меѓу нив. Но тука е во прашање и обезбедувањето на сите аспекти на средината за да ги олеснуваат пристапот, учењето и учеството, вклучувајќи го и отстранувањето на физичките и на општествените пречки.

## РАЗВОЈ НА СПОСОБНОСТИТЕ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

*Професионален развој во три фази*
Во следната табела е даден преглед на она што може да се очекува од инклузивните практичари во три фази на професионалниот развој:

| **Ученик** | Почетна едукација на наставниците | Континуиран професионален развој | Едукација за ментори, раководители и за вршители на промени |
|---|---|---|---|
| Вреднување на различностите на учениците | Способност за вреднување на различностите на учениците | Способност за развивање училишни практики за вреднување на сите ученици | Способност за трансформирање на практиките за вреднување на сите ученици |
| Заедница на ученици | Способност за креирање заедница на експерти во училницата | Способност за развивање заедница на ученици во училиштето | Способност за трансформирање на заедниците на ученици |
| Персонализирање на образованието | Способност за соодветна персонализација на образованието | Способност за развивање училишни практики за персонализирање на образованието | Способност за трансформирање на практиките за персонализирање на образованието |
| Атмосфера на инклузија | Способност за придонесување на атмосферата на инклузија во училницата | Способност за развивање на атмосферата на инклузија во училиштето | Способност за трансформирање на атмосферата на инклузија во училиштето и во заедницата |

*Табела 6: Нивоа на способност во текот на професионалниот развој: ученик*

*Практични примери и идеи од наставници вклучени во проектот "Регионална поддршка за инклузивно образование" по сесија на "бура од идеи"*

- Размислување за сопствениот општествен идентитет, предрасуди и стереотипи;
- Прифаќање на сите ученици како некој што сака да учи;
- Зголемување на свеста за предрасудите и за проблемите со етикетирање деца;
- Разговор за гледиштата на наставниците за разликите на учениците;
- Наставниците треба да бидат емпатични и внимателни со секое дете;
- Зголемување на свеста на учениците, родителите и на образовните службени лица за инклузивното образование (активности без трошоци за зголемување на свеста);
- Филозофија за деца за развој на нивниот начин на размислување за другите;
- Мешани класови за зголемување на свеста и развој на поддршка за подобро разбирање меѓу учениците од различни етнички групи;
- Нови пристапи за управување со училница за големи класови за да се обезбеди на секое дете да се гледа како на единствено и да се организира ефективна работа во групи каде што децата се ангажираат меѓусебно; потреба за управување со училница што ги почитува различностите;
- Креирање заедница на истражувачи за испитување на алатките што ги унапредуваат припадноста, идентитетот и автономијата;
- Развивање идеја за инклузивно образование во училиштата и во заедницата;
- Ангажирање во училишни проекти за зголемување на свеста;
- Збогатување на знаењата за други култури и јазици заедно со семејствата и со децата што доаѓаат од такво опкружување;
- Ангажирање во заеднички активности, како што се спортски настани, издавање весник, изложби;
- Заеднички работилници и настани со учење за наставници, родители, ученици за да се разјаснат термините "инклузивно образование" и "различност";
- Мултикултурни програми во училиштата што се фокусираат на славењето на разликите и на сличностите;
- Вовед на предмет за социјална правда и промовирање на човековите права;
- Разгледување прашања во врска со доверливоста и етиката, на пример, во однос на откривањето информации за специјални потреби и инвалидитет.

*Примери на добри практики надвор од проектот*

- "Учење без граници", проектот на Универзитетот од Кембриџ му е посветен на развојот на пристапи кон наставата и учењето што не се потпираат на детерминистичко убедување за способноста. Проектот е инспириран од децениски истражувања што укажаа на многу сложени начини со кои идеите за фиксна способност и практиките што се засноваат врз нив може да го ограничат учењето. Информацијата е достапна на http://learningwithoutlimits.educ.cam.ac.uk/;
- Индекс за инклузија претставува сет материјали за водење на училиштата низ процесот на инклузивен развој на училиштето. Тој се однесува на градење заедници што даваат поддршка и поттикнување на високи остварувања на целиот персонал и на учениците. Информациите се достапни на: http://www.csie.org.uk/resources/inclusion-index-explained.shtml;

*Референции и дополнителни информации*


- Learning Without Limits (Учење без граници) (Hart et al., 2004);
- Creating Learning without Limits (Создавање учење без граници) (Swann et al., 2012);
- Index for Inclusion (Индекс за инклузија) (Booth & Ainscow 2002);
- Educating Culturally Responsive Teachers (Едуцирање на културно чувствителни наставници) (Villegas and Lucas, 2002).

# 4. Инклузивни практики што се однесуваат на наставниот план

## ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ ЗА УЧЕЊЕ

*Преглед*

Професионалните работници во училиштата и во другите образовни средини што сакаат да станат поинклузивни имаат способност поврзана со поддршката на сите ученици, но за да се вклучат во практиките чија цел е трансформација на капацитетот за учење на студентите или на учениците потребно е повеќе. Поддршката за сите ученици треба да биде водена од визијата дека секое дете или младинец е способно да учи, да развива таленти и способности што се битни за животот како возрасни, а тука е во прашање трансформирањето на самото учење за да биде подготвено за иднината каде што способноста за учење и за адаптирање на променливите услови ќе биде најважна. За да се обезбеди сите деца и младинци да бидат способни да учат на највисоко можно ниво, овде целта е да се креира инклузивен и флексибилен наставен план. При донесувањето на наставниот план треба да се земе предвид претходното знаење и искуство на сите деца и младинци. Наставниот план треба да одговара на интересите на учениците за да ги ангажира. За да се постигне ова, наставниците и другите професионални работници треба да развијат и да применат стратегии што имаат цел подобрување на искуството на учење. Тие треба да бидат подготвени да го олеснат учењето преку развој на наставни материјали и користење стратегии за оценување што одговараат на состојбата на секој ученик. Постои потреба за планови за учење што ја одразуваат патеката на учениците низ наставниот план. Ставањето флексибилен и инклузивен наставен план во практика, исто така, бара способност да се креираат реални можности за учење за сите деца и младинци. Ова вклучува создавање позитивна средина за учење во училницата и надвор од неа. Исто така, тоа подразбира најдобра можна употреба на достапните ресурси, вклучувајќи ги и придонесите од родителите и од заедницата.




*Слика 10: Практика за остварување инклузивни стратегии и алатки за учење*

*Фокус на способностите: Поддршка за сите ученици*

Инклузивните наставници се способни да ги поддржат сите деца и младинци во нивниот процес на учење. На сите деца им се признава дека имаат таленти, надежи и амбиции што може да бидат опфатени со наставниот план за да се поддржат нивното учење и учество. Инклузивните практичари се концентрираат на развојот и на трансформирањето на капацитетот на учење на децата и им помагаат

да го прошируваат своето животно искуство. Тие ја имаат потребната способност да станат свесни за различните потреби за учење, да ги оценуваат и да ги земат предвид кога ја планираат наставата и на нив да одговорат адекватно во училницата. Можностите за учење во училницата и надвор од неа се користат ефикасно или се создаваат таму каде што е потребно. Инклузивните наставници имаат ставови, вредности, вештини и знаење, компетенции, како и дејности со кои пропишуваат инклузивни пристапи за наставата и го поддржуваат учењето на сите ученици. За детали видете го Профилот на инклузивните наставници (Европска агенција, 2012).

*Фокус на предметите и на целите: Инклузивен и флексибилен наставен план*
Инклузивните наставници мора да развијат свест за наставниот план како документ што нуди можности за учење, а не како нешто што диктира што треба да биде направено и кога. Наставниот план е средство со кое се трансформира капацитетот за учење на децата и на младинците. За да ги поддржат сите ученици на начин што го трансформира нивниот капацитет за учење, наставниците треба да го разложат наставниот план да одговара на потребите, интересите и на талентите за учење на секој ученик. Овде учениците играат активна улога и преземаат одговорност за своето учење колку што е максимално можно. Инклузивните практичари се способни да го користат наставниот план како средство за олеснување на учењето, со креирање предизвици и интересни задачи или проекти во кои учениците можат да развиваат различни способности додека работат заедно за иста цел. Целите или очекувањата за постигнувањата се во согласност со наставниот план. Учениците се свесни за овие цели и за тоа кога тие се постигнати. Ова помага учењето да биде видливо.

*Фокус на алатки и стратегии: Подобрување на учењето*
За да се донесе флексибилен и инклузивен наставен план, неопходно е наставниците и другите професионални работници во училиштата да користат ефективни алатки и стратегии за да го подобрат учењето. Ова може да се постигне земајќи предвид различни стилови на учење и развој на задачи што користат различни сензорни модалитети за учење. Наставниците треба да имаат добро разбирање за својот предмет, но, што е уште поважно, тие мора да ги предвидат когнитивните предизвици и да користат стратегии за нивно надминување. Тие треба да бидат способни да прават разлика во наставата во согласност со потребите на секој ученик и за ова треба да имаат добро разбирање на процесот на учење или на процесите за решавање проблеми и како може да бидат поддржани, на пример, со давање повратни информации. Документирањето на учењето во дневниците за учење или користењето други стратегии за учењето да им биде видливо на учениците се важни за да им помогнат на учениците да ги трансформираат своите пристапи кон учењето и на тој начин да го подобрат. Информатичката и комуникациската технлогија (ИКТ) имаат важна улога во подобрувањето на учењето во инклузивна училница.

*Фокус на контекстот: Можности за учење*
Реализацијата на инклузивен и на флексибилен наставен план бара средина за учење што нуди можности за учење на сите деца и младинци. Креираната средина за учење треба да одговара на активностите за учење во кои ќе се вклучат учениците. Фиксното групирање на децата може да биде пречка затоа што за некои активности децата треба да работат во мали групи или сами, додека други активности може да се изведуваат во поголеми групи. Флексибилното групирање и намерното користење различни простори и средини што се на располагање во училиштето или во заедницата може да создадат подобри можности за учење. Можности за учење може да се креираат само ако просторите за учење и наставниот план се пристапни и релевантни за сите ученици. Наставниците треба да бидат способни да ги предвидат можностите, да ги зграпчат и да ги дизајнираат на најдобар можен начин. Креирањето на можностите за учење бара училишни ресурси, но дури и повеќе, најдобра можна употреба на достапните ресурси во рамките на училиштето и надвор од него. Инклузивните практичари ќе треба да развијат култура на учење наместо да бидат само извршители во своето училиште. Можеби на некои деца ќе им бидат потребни дополнителни услуги или поддршка од други професионални работници за да се обезбеди тие да може да ги користат расположливите можности за учење во нивна максимална корист.

## РАЗВОЈ НА СПОСОБНОСТИ ЗА ПОДДРШКА НА СИТЕ УЧЕНИЦИ

*Професионален развој во три фази*
Во следнава табела е даден преглед на она што може да се очекува од инклузивните практичари во три фази на професионалниот развој:

| **Наставен план** | Почетна едукација на наставниците | Континуиран професионален развој | Едукација за ментори, раководители и за вршители на промени |
|---|---|---|---|
| Поддршка за сите ученици | Способност за поддршка за сите ученици | Способност за развивање училишни практики за поддршка на сите ученици | Способност за трансформирање на практиките за поддршка на сите ученици |
| Инклузивен и флексибилен наставен план | Способност за примена на усвоениот наставен план | Способност за развивање училиштен наставен план | Способност за креирање и трансформирање на наставниот план |
| Подобрување на учењето | Способност за користење стратегии за подобрување на учењето во училницата | Способност за развивање наставни практики во училиштата | Способност за креирање или за трансформирање на наставните практики во училиштата |
| Можности за учење | Способност за планирање ситуации во кои сите ученици можат да учат | Способност за развивање нови можности за учење во училиштата | Способност за креирање или за трансформирање на можностите за учење во заедницата |

*Табела 7: Нивоа на способност во текот на професионалниот развој: Наставен план*

*Практични примери и идеи од наставници вклучени во проектот "Регионална поддршка за инклузивно образование" по сесија на "бура од идеи"*

- Наставникот ги поттикнува сите деца да постигнуваат резултати;
- Вложување големи очекувања во постигнувањата и учењето на учениците;
- Наставникот има добри познавања на наставната методологија;
- Познавање на потребите за учење на деца со намалени способности;
- Метод на отворен клас: симулирана лекција;
- Обука за изработка на индивидуални образовни планови;
- Користење на наставниот план за унапредување на академското, општественото и емоционалното учење;
- Потреба за разјаснување на тоа како да се развиваат индивидуални образовни планови;
- Практичен предизвик за развивање цели за учење и нивно поврзување за наставниот план, потреба за практични насоки за наставни методи, оценувања и инструменти за комуникација во врска со учењето и поддршката во учењето со ученици, родители и со други наставници;
- Програми што целат кон ситуационо разбирање на учењето;
- Потреба за иновативните наставни методи;
- Ефективни наставни пристапи во хетерогени класови;
- Мешани класови за создавање нови можности за учење за ученици од посебни етнички групи;
- Заеднички активности меѓу учениците и нивните родители;
- Преносен ноутбук како помош за подобро организирање на домашните работи на децата (креирање можности за учење);
- Имплементација на активности "надвор од училницата" и работилници поврзани со вештини (танц, облека и накит, јазик на знаци);
- Мобилни тимови за поддршка на специјалните потреби за образование на децата.

*Примери на добри практики надвор од проектот*

- Организација на давање поддршка на инклузивното образование (Европска агенција). Информации за проектот се достапни на: https://www.european-agency.org/agency-projects/organisation-of-provision;
- Зголемување на постигнувањата на сите ученици (Европска агенција). Информации за проектот се достапни на: https://www.european-agency.org/agency-projects/raising-achievement;
- Наставен план за извонредност (Шкотска). Информациите се достапни на: http://www.educationscotland.gov.uk/learningandteaching/thecurriculum/index.asp;
- ИКТ за инклузија - Развој и можности во европските држави (Европска агенција). Информациите се достапни на: https://www.european-agency.org/publications/ereports/ict-for-inclusion-developments-and-opportunities-for-european-countries;
- ИКТ за достапност на информации во учењето. (Европска агенција). Информациите се достапни на: https://www.european-agency.org/agency-projects/ict4ial;

*Референции и дополнителни информации*

- Visible Learning (Видливо учење) (Hattie, 2009);
- Making learning visible to promote engagement, understanding and independence for all learners (Правење видливо образование за да се унапредат ангажирањето, разбирањето и независноста за сите ученици (Ritchhart et al., 2011);
- The skilful Teacher (Вешт наставник) (Saphier et al., 2008).

# 5. Инклузивни практики поврзани со контекстот

## КРЕИРАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНО И ФИЗИЧКО ОПКРУЖУВАЊЕ ШТО НУДИ МОЖНОСТИ

*Преглед*

Професионалните работници во училиштата и во другите образовни средини што сакаат да станат инклузивни практичари имаат способност да работат со други, но потребно е повеќе да се вклучат во практиките чија цел е креирање општествено и физичко опкружување. Наставниците и другите професионални работници треба да креираат сигурни и инклузивни односи за да помогнат во надминувањето на конфликтите, изолацијата и делењето што ѝ се закануваат на инклузијата. Односите се базираат врз доверба и почитување и додека траат, се креира позитивна клима што помага да се надминат тешкотиите што произлегуваат од заедничкото живеење и заедничкото работење. Работењето со други претставува моќен начин за креирање инклузивна средина за учење со обединување на способностите, предностите, трудот и активностите на едните и на другите. Низ односите децата и младите пристапуваат до новите светови и добиваат стабилност во време на кризи. За да се постигне заеднички општествено и физичко опкружување што нуди можности, цел е да се воспостават сигурни односи за да бидат училницата, училиштето и заедницата попристапни и поинклузивни за сите. Ова вклучува соработка за да се подобри пристапноста до достапните ресурси, како што се учебници или наставни материјали и да се воведат нови ресурси, како што се нови технологии со кои се олеснуваат учењето и учеството. Токму низ мрежите и партнерствата со професионалните работници и организации надвор од индивидуалните училишта неопходните експертизи и поддршка можат да им станат достапни на инклузивните практичари. Ако односите меѓу различните заинтересирани страни се засноваат врз соработка наместо врз примање и давање упатства и наредби, управувањето со образованието или начините на кои се водат училиштата ќе се заснова врз демократско донесување одлуки. Треба да се им се дадат управни овластувања на локалните власти, и на училиштата за тие да го најдат најдобриот пат напред за нивните специфични состојби. Пристапите одгоре кон долу во хиерархијата на управувањето со училиштата не се усогласени со потребата на инклузивните училишта да дизајнираат општествено и физичко опкружување што одговара на потребите на нивните ученици и на заедницата.




*Слика 11: Практика за создавање општествено и физичко опкружување што нуди можности*

*Фокус на способности: Работа со други*
Инклузивните практичари излегуваат од изолацијата на своите училници и работат со други за да креираат опкружување што нуди можности и помага да се унапредат учеството и учењето. За да го постигнат ова, наставниците бараат соработка и тимска работа со сите релевантни партнери, вклучувајќи и работа со родителите и со семејствата. Тие се свесни за додадената вредност од работата со други наместо на тоа да се гледа како на дополнителен товар на нивното време и енергија. Тие се отворени за мислењата на другите и способни се да се ангажираат во интеракција за да најдат добри решенија што им одговараат на сите. Тие имаат вештини за решавање проблеми во соработката и за управување во критични состојби со користењето партиципативни методи наместо наметнување сила. Инклузивните наставници се способни да градат партнерски односи и мрежи за да помогнат да се постигне полесна координација, соработка и комуникација. Инклузивните практичари се свесни за важноста на доброто управување со образованието што се одразува во транспарентните односи меѓу училиштата и органите на управување. Локалните власти и други официјални лица од образованието во партнерство со училиштата помагаат да се креираат услови што ја олеснуваат реализацијата на инклузивното образование. Инклузивните наставници имаат ставови, вредности, вештини и знаење, компетенции, како и дејности со кои креираат општествено и физичко опкружување што нуди можности заедно со другите. За детали видете го Профилот на инклузивните наставници (Европска агенција, 2012).

*Фокус на цели: Односи со почитување*
Општественото и физичкото опкружување се обликуваат со интеракциите што се случуваат во специфичен контекст. Што е направено заедно, како е направено тоа и со каква намера ќе го дефинира односот во училницата, училиштето или во заедницата. Со фокусирање на градењето односи на почит, наставниците и училиштата креираат опкружување во кое секој може да учествува и да учи, каде што конфликтите не ескалираат лесно бидејќи постои доверба, заедничко разбирање за тоа како да се комуницира заемно и заедничка визија за тоа што може да се постигне. Инклузивните училишта не очекуваат наставниците само да работат заедно, тие активно промовираат градење односи. Опкружувањата што нудат можности се создаваат низ конструктивни односи, односи на почитување и доверливост и поради таквите односи овие општествени опкружувања стануваат одржливи. Креирањето односи на поддршка е особено важно кога се подучуваат ученици од различни средини. Живите односи со почит, фер односите и односите што нудат можности со сите релевантни заинтересирани страни креираат позитивна училишна клима и средина што овозможува сите да го дадат најдоброто од себе.

*Фокус на алатки и стратегии: Креирање мрежи и партнерства*
Доверливи односи се креираат преку изградба на партнерства и на мрежи. Партнерствата се базираат врз заемните интереси, но и врз заемното почитување во корист на сите фактори. Вмрежувањето

значи воспоставување структури на односи што може да се користат за различни цели. Партнерствата помагаат да се решат проблемите што може да бидат надвор од капацитетите на училиштето, на пример, да се развијат нови процедури за оценување или наставни материјали. Партнерствата меѓу инклузивните училишта и специјализираните служби може да бидат важни за поддршка на децата со проблеми во учењето. Исто така, партнерствата може да се креираат и со бизнис-секторот што ќе помогне во преминувањето од училиште на работа. Секое училиште ќе треба да развие сопствени стратегии и методи за вмрежување и да креира и да одржува партнерства. Притоа, тие треба да ја земат предвид локалната култура. Партнерствата и вмрежувањето, исто така, се важни за да може инклузивните училишта да добијат поддршка од локалната заедница. Инклузивните практичари креираат мрежи и партнерства со други училишта и со други професионалци и заради поддршка на развојот на нивните инклузивни практики.

*Фокус на контекстот: Управување со образованието*

Ако практичарите сакаат да креираат општествено и физичко опкружување што нуди можности, тие треба да разгледаат не само како работат заедно туку и како се организирани и управувани училиштата. Поверојатно е дека инклузивните практичари ќе треба да работат во општествен и во политички контекст што не е идеален за развој на инклузивните практики. Политиките, прописите и локалната власт може да создадат пречки за имплементацијата на инклузивното образование. Реализацијата на општественото и на физичкото опкружување што нуди можности бара политичко опкружување што нуди и поттикнува партнерства и партиципативно одлучување. Локалните власти треба да ги признаат училиштата и заедницата како дел од вкупното управување со образованието. Ова им го дава на училиштата потребното дејствување за да креираат инклузивна училишна средина заснована врз потребите на заедницата. Овој пристап за координирање на дејствата меѓу заинтересираните страни наместо пристапот одгоре кон долу се нарекува “образовно управување”. Низ партнерства и вмрежување, постојните начини на управување може да се решаваат, за нив може да се дискутира и може да се приспособат каде што е потребно. Овде наставниците стануваат вршители на општествените промени што влијаат врз партнерите надвор од училиштата и помагаат да се развие инклузивно образование во заедницата.

## РАЗВОЈ НА ПРАКТИКИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТЕЊЕ СО ДРУГИ

*Професионален развој во три фази*

Во следнава табела е даден преглед на она што може да се очекува од инклузивните практичари во трите фази на професионалниот развој:

| **Контекст** | Почетна едукација на наставниците | Континуиран професионален развој | Едукација за ментори, раководители и вршители на промени |
|---|---|---|---|
| Работа со други | Способност да се работи со други | Способност за развивање заедничка практика со други | Способност за креирање и за трансформирање на заедничката практика со други |
| Односи полни со почит | Способност за учествување во односи со почит во училницата | Способност за развивање односи со почит во училиштето | Способност за креирање или трансформирање односи со почит во училиштето и во заедницата |
| Креирање мрежи и партнерства | Способност за учествување во мрежи и во партнерства | Способност за придонесување кон развојот на мрежи и партнерства | Способност за креирање и за трансформирање мрежи и партнерства |
| Образовно управување | Способност за практикување во рамките на постојното образовно управување | Способност за развивање на постојното образовно управување | Способност за трансформирање на постојното образовно управување |

*Табела 8: Нивоа на способност во текот на професионалниот развој: контекст*

*Практични примери и идеи од наставници вклучени во проектот “Регионална поддршка за инклузивно образование” по сесија на “бура од идеи”*

- Наставници што веруваат во семејството, училиштето и во заедницата како во тројца партнери што имаат заеднички цели;
- Стручни тимови за поддршка на наставниците;
- Учење со колеги како можен пристап за учење преку соработка;
- Подобрување на соработката меѓу училиштата и соработка со припадниците на заедницата (на пример, локален инвеститор што ќе поддржи поставување лифт во училиштето);
- Преносен ноутбук за подобрување на комуникацијата меѓу родителите и училиштето. Наградување на лидерството и соработката на наставникот преку формални награди и системи за унапредување веб-платформи или портали како начин на учење;
- Размена на посети;
- Работа со многу други професионални работници од образованието;
- Вмрежување преку технологијата (социјални медиуми);
- Креирање законска база за менторски програми за обука.

*Примери на добри практики надвор од проектот*

- International Teacher Leadership Project (Меѓународен проект за лидерство на наставници). Информациите се достапни на: http://www.teacherleadership.org.uk/the-itl-initiative.html;

*Референции и дополнителни информации*

- The activist teaching profession (Активистичка наставна професија) (Sachs, 2003);
- Being an expert professional practitioner (Да се биде стручен професионален практичар) (Edwards, 2010).

# 6. Речник на поими и референции

## РЕЧНИК НА ПОИМИ

*Способности*
Терминот “способности” овде се користи како општ термин за ставови, убедувања, вештини и знаења, компетенции и дејства. Тој се однесува на квалитетот да се биде способен да се направи нешто и да се постигне нешто.

*Дејство*
Дејство е способноста на вршителот да дејствува во одредена средина и да ги трансформира практиките за да ги направи поинклузивни.

*Компетенции*
Компетенциите ја опишуваат динамичната комбинација на знаења, вештини, ставови, вредности и лични карактеристики, овластувајќи го наставникот да дејствува професионално и соодветно во дадена ситуација, и развивајќи ги на кохерентен начин (Европска комисија, 2011, 7). Постојат четири области на компетенции на инклузивните наставници: Вреднување на различностите на учениците, Поддршка за сите ученици, Работа со други, Личен професионален развој (Европска агенција, 2012).

*Инклузија*
Инклузијата во контекст на образованието се однесува на процес на реагирање на различноста, со цел да се надминат бариерите во учењето и учеството со акцент на оние групи ученици за кои може да постои ризик од маргинализација, ексклузија и неуспех во учењето (Европска агенција, 2013, 11).

*Инклузивно образование*
Инклузивното образование, всушност, е квалитетно образование, терминот “инклузивно” нагласува дека квалитетното образование е обезбедено за сите деца и млади. Инклузивното образование истовремено се однесува на системот (на пример, инклузивни училишта, инклузивен образовен

систем) и на лица (на пример, да се биде ангажиран или да се учествува во образованието, да се оствари правото на образование). Следниве дефиниции на инклузивно/квалитетно образование се додадени за информација на читателите:

Совет на Европа, Препорака CM/Rec (2012)/13 на Комитетот на министрите до земјите-членки за обезбедување квалитетно образование:

6. *За потребите на оваа препорака, "квалитетното образование" е образование што:*
a) *им овозможува пристап до учењето на сите ученици и студенти, особено на оние од ранливите и од обесправените групи, адаптирани на нивните потреби;*
b) *овозможува сигурна и ненасилна средина за учење во која се почитуваат правата на сите;*
c) *кај секој ученик и студент ја развива нивната личност, талентите и менталните и физичките способности до нивниот максимален потенцијал и ги охрабрува да ги завршат образовните програми во кои се запишале;*
d) *ги унапредува демократијата, почитувањето на човековите права и социјалната правда во средината за учење што ги признава потребите за учење и општествените потреби на сите;*
e) *им овозможува на учениците и на студентите да развиваат соодветни компетенции, самодоверба и критично размислување за да им помогне да станат одговорни граѓани и да ги подобрат можностите за вработување;*
f) *им пренесува универзални и локални културни вредности на учениците и на студентите и, истовремено, ги оспособува да донесуваат сопствени одлуки;*
g) *ги верификува резултатите од формалното и неформалното учење на транспарентен начин врз основа на фер оценување, овозможувајќи стекнатото знаење и компетенциите да бидат признаени за понатамошно студирање, вработување и за други цели;*
h) *се потпира на квалификувани наставници што му се посветени на континуираниот професионален развој;*
i) *ослободено е од корупција.*

Конвенцијата на ОН за правата на лица со инвалидитет, член 25.2 (б):
*Државите-потписнички го признаваат правото на образование на лица со инвалидитет. Со цел ова право да се оствари без дискриминација и врз основа на еднакви можности, државите-потписнички ќе обезбедат* ***инклузивен образовен систем*** *на сите нивоа и доживотно учење насочени кон:*

a) *Целосен развој на човековите потенцијали и чувство на достоинство и самопочит, и јакнење на почитувањето на човековите права, основните слободи и различноста на луѓето;*
b) *Развој на личноста, талентите и на креативноста на лицата со инвалидитет, како и на нивните ментални и физички способности, до крајните граници;*
c) *Овозможување лица со инвалидитет ефективно да учествуваат во слободното општество.*
   - *На децата со инвалидитет мора да им биде овозможен пристап до инклузивно, квалитетно и бесплатно основно и секундарно образование на рамноправна основа со другите во заедницата во која живеат.*
   - *Мора да постои разумно приспособување на потребите на поединците и обезбедување поддршка што е потребна за олеснување на нивното ефективно образование.*
   - *Владите мора да го олеснат учењето на Брaиловата азбука и на другите релевантни формати за комуникација; вештини за ориентација и мобилност; како и поддршка од врсниците и менторство.*
   - *Владите мора да обезбедат образованието на децата што се слепи, глуви или глуво-слепи да им се овозможи на најсоодветниот јазик и средства за комуникација за поединците и во средина што го максимизира академскиот и општествениот развој.*
   - *Владите мора да вработуваат наставници, вклучувајќи и наставници со инвалидитет, кои се квалификувани за знаковен јазик и/или за Брaиловата азбука, и да обучат образовни професионалци за зголемување на свеста за инвалидитети и користење релевантни формати за комуникација, образовни техники и материјали за поддршка на луѓето со инвалидитет.*

Универзална декларација за човекови права, член 26 (дефиниција што ја користи УНЕСКО)
*Во јадрото на* ***инклузивното образование*** *е правото на човекот на образование, истакнато во Универзалната декларација за човекови права од 1948 година во која се наведува:*
*"Секој има право на образование... Образованието треба да биде бесплатно, барем во основните и во нижите училишта. Основното образование е задолжително. Образованието треба да биде насочено кон целосен развој на човековата личност и зацврстување на почитта за човековите права и основни слободи. Тоа треба да ги унапредува разбирањето, трпеливоста и пријателството меѓу сите народи, расни и верски групации, како и дејноста на Обединетите нации за одржување на мирот".*
-----------------------------
*Инклузијата се однесува на тоа да бидат обезбедени соодветни одговори на поширок спектар на потребите за учење во формална и во неформална образовна средина. Наместо да биде маргинално прашање за тоа како некои ученици може да се интегрираат во редовното образование,* ***инклузивното образование е пристап што бара начини да ги трансформира образовните системи и другите средини за учење за да им одговори на различни ученици.*** *Тој цели кон овозможување на наставниците и на учениците да се чувствуваат удобно со различностите и на тоа да гледаат како на предизвик и збогатување на средината за учење, а не како на проблем. Инклузијата го нагласува обезбедувањето можности за рамноправно учество на лица со инвалидитет (физички, социјален и/или емоционален), секогаш кога тоа е можно, во општото образование, но остава отворена можност на личен избор и опции за специјална помош и установи за оние на кои тоа им е потребно.*

Конвенција на ОН за правата на детето, 1989 година:
*Член 2: Децата треба да бидат заштитени од дискриминација по основа на расата, јазикот, инвалидитетот, итн.*
*Член 28: Основното образование треба да биде бесплатно и задолжително.*
*Член 29: Образованието треба да ги развива личноста на детето, неговата надареност и менталните и физичките способности до крајни граници.*

Индекс за инклузија што го развива учењето и учеството во училиштата (Booth and Ainscow, 2002)
*Инклузијата во образованието вклучува:*

- *Еднакво вреднување на учениците и на персоналот.*
- *Зголемување на учеството на учениците и намалување на нивното исклучување од културите, наставните планови и заедниците на локалните училишта.*
- *Реструктурирање на културите, политиките и на практиките во училиштата за да одговорат на различностите на учениците во локалната средина.*
- *Намалување на бариерите за учење и учество на сите ученици, а не само на оние со пречки во развојот или на оние што се категоризирани како "лица со посебни образовни потреби".*
- *Учење од обиди за да се надминат пречките на пристапот и учеството на одредени ученици за да се направат промени во корист на учениците пошироко.*
- *Гледање на разликите меѓу учениците како на ресурси за поддршка на учењето наместо како на проблеми што треба да се надминат.*
- *Признавање на правото на учениците на образование во нивната локална средина.*
- *Подобрување на училиштата, како за персоналот, така и за учениците.*
- *Нагласување на улогата на училиштата во градењето на заедницата и развивањето на вредностите, како и зголемувањето на постигнувањата.*
- *Негување заемно одржливи односи меѓу училиштата и заедниците.*
- *Прифаќање дека инклузијата во образованието е еден аспект на инклузијата во општеството.*

*Учество*
Учество е инволвирање во животни ситуации. Луѓето се инволвираат ако се ангажираат бихевиорално, емоционално и когнитивно во активности што се типични за опкружувањето и за целта или за лични јасни цели.

## ПРАВНИ ИНСТРУМЕНТИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА ДИРЕКТНО РЕШАВАЊЕ НА ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ:

*Директно решавање на инклузивното образование*

- Препорака CM/Rec (2012)/13 на Комитетот на министрите до земјите-членки за обезбедување квалитетно образование:
- Препорака CM/Rec (2010)/13 на Комитетот на министрите до земјите-членки за Повелбата за образование за демократските граѓани и едукација за правата на човекот на Советот на Европа;
- Постојана конференција на министрите за управување со образованието и за квалитетно образование на Советот на Европа, 24. сесија, Хелсинки, Финска, 26-27 април 2013 година, Финална декларација на темата на конференцијата;
- Препорака CM/Rec (2014)5 до државите-членки за важноста на компетенциите во јазиците на предавањата за рамноправност и квалитет во образованието и за образовен успех;
- Препорака Rec (2006)5 на Комитетот на министрите до земјите-членки за Акцискиот план на Советот на Европа за унапредување на правата и полно учество на луѓето со инвалидитети во општеството; подобрување на квалитетот на животот на луѓето со инвалидитет во Европа 2006-2015.

*Индиректно решавање на инклузивното образование*

- Препорака Rec (2001)15 на Комитетот на министрите до земјите-членки за настава по историја во Европа во XXI век; “говор на омраза”
- Препорака Rec (2001)17 за подобрување на економската состојба и на состојбата со вработувања на Ромите/Циганите и Патниците во Европа;
- Препорака Rec (2003)8 на Комитетот на министрите до земјите-членки за унапредување и признавање на неформалното образование/учење на млади луѓе;
- Препорака Rec (2002)6 на Комитетот на министрите до земјите-членки за политики за високо образование во доживотното учење;
- Препорака Rec (2004)4 на Комитетот на министрите до земјите-членки за Европската конвенција за човековите права во универзитетското образование и професионалната обука;
- Препорака CM/Rec (2008)5 на Комитетот на министрите до земјите-членки за политиките за Ромите и/или Патниците во Европа;
- Препорака CM/Rec( 2009)4 на Комитетот на министрите до земјите-членки за образованието на Ромите и Патниците во Европа.

*Дополнителни правни инструменти на Советот на Европа што го поддржуваат инклузивното образование:*

- Ревидирана Европска социјална повелба;
- Европска комисија за борба против расизмот и нетрпеливоста (ЕКРИ);
- Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства.

## РЕФЕРЕНЦИИ

Argyris, C. &Schön, D.A. (1996). Organizational Learning II. Theory, method and practice. Reading, Mass: Addison Wesley.

Booth, T and Ainscow, M. (2002) Index for Inclusion: developing learning and participation in schools. Center for Studies on Inclusive Education.

Council of Europe (2009). Diversity and inclusion: challenges for teacher education. Key Competences for Diversity. Strasbourg: Council of Europe.

Council of Europe (2010). Policies and practices for teaching sociocultural diversity. Diversity and inclusion: challenges for teacher education. Strasbourg: Council of Europe Publishing.

Durrant, J. & Holden, G. (2006). Teachers leading change. Doing Research for school improvement. Thousand Oaks: Sage.

Edwards, A. (2005). Relational agency: Learning to be a resourceful practitioner. International Journal of Educational Research, 43, 3, 168-182.

Edwards, A. (2012). Being an expert professional practitioner. New York: Springer.

Engeström, Y. (2001). Expansive learning at work: Toward an activity-theoretical conceptualization. Journal of Education and Work, 14(1), 133-156.

European Agency for Development in Special Needs Education (2012). Teacher Education for Inclusion. Profile of Inclusive Teachers. Odense: European Agency for Development in Special Needs Education.

European Agency for Development in Special Needs Education (2013). Organisation of Provision to Support Inclusive Education. Literature Review. Odense, Denmark: European Agency for Development in Special Needs Education.

European Commission (2011). Literature review Teachers' core competences: requirements and development. Brussels: European Commission.

European Commission (2013). Supporting teacher competence development for better learning outcomes. Brussels: European Commission.

Fullan, M. G. (1993). Why teachers must become change agents.Educational Leadership,50,12-17.

Hart, S., Dixon, A., Drummond, M. J., & McIntyre, D. (2004). Learning Without Limits. Milton Keynes, UK: Open University Press.

Hattie, J. (2009). Visible Learning: A Synthesis of Over 800 Meta-Analyses Relating to Achievement. Abigdon: Routledge.

Lave, J. & Wenger E. (1991). Situated Learning: Legitimate Peripheral Participation. Cambridge: Cambridge University Press

Pantić, N., Closs, A., &Ivošević, V. (2011). Teachers for the Future: Развој на наставниците за инклузивно образование во Западен Балкан. Turin: European Training Foundation.

Priestley, M., Edwards, R., Priestley, A., & Miller, K. (2012). Teacher agency in curriculummaking: Agents of change and spaces for manoeuvre.Curriculum Inquiry, 42, 191-214.

Ritchhart, R., Church, M., Morrison, K. (2011). Making learning visible to promote engagement, understanding and independence for all learners. San Francisco: Jossey-Bass.

Sachs, J. (2003). The activist teaching profession. Buckingham: Open University Press.

Saphier, J., Haley-Speca, M-A., Gower, R. (2008). The skilful teacher. Building your teaching skills. Acton: Research for Better Teaching.

Schön, A. (1983). The Reflective Practitioner. How Professionals think in Action. New York: Basic Books.

Senge, P. (1990). The Fifth Discipline: The art and practice of the learning organization. New York: Doubleday.
Senge, P., Cambron McCabe, N., Lucas, T., Smith, B., Dutton, J. &Kleiner, A. (2012). Schools that Learn: A Fifth Discipline Fieldbook for Educators, Parents, and Everyone Who Cares about Education. New York: Random House.

Swann M., Peacock A., Hart, S. and Drummond, M.J. (2012) Creating Learning without Limits. Maidenhead: Open University Press

Villegas, M. & Lucas, T. (2002). Educating culturally responsive teachers – a coherent approach. Albany: State University of New York Press.

Овој документ е изработен со финансиска помош на Европската унија и на Советот на Европа.
На ниту еден начин не може да се смета дека ставовите што се искажани овде го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Советот на Европа е водечка организација за човекови права на континентот. Тој има 47 држави-членки, од кои 28 се членки на Европската унија. Сите држави-членки на Советот на Европа ја потпишале Европската конвенција за човекови права, договор чија цел е заштита на човековите права, демократијата и на владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во државите-членки.

**www.coe.int**

Европската унија претставува единствено економско и политичко партнерство меѓу 28 европски демократски држави. Нејзина цел се мир, просперитет и слобода за нејзините 500 милиони граѓани – во еден поправеден и побезбеден свет. За да овозможат работите да течат, земјите-членки на ЕУ основале тела што ќе управуваат со ЕУ и ќе го усвојуваат нејзиното законодавство. Главни тела се Европскиот парламент (што го претставува народот на Европа), Советот на Европската унија (што ги претставува националните влади) и Европската комисија (што ги претставува заедничките интереси на ЕУ).

**www.ec.europa.eu**

**Регионална поддршка за инклузивно образование**

Funded
by the European Union
and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented
by the Council of Europe